Реализирани активности од Инвестиционата програма на Јавното претпријатие „Национални шуми“ за 2025 год. Бр. 02-36/1 од 08.01.2025 год. усвоена од Владата на РСМ на седницата одржана на 04.02.2025год. со Одлука за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о. Скопје Бр.50-292/6, Службен весник бр.27 од 7 февруари 2025 година.

Во извештајниот период, согласно Годишната Инвестициона програма за 2025 год. на ЈП (Бр.02-36/1 од 08.01.2025 год., усвоена со Одлука од Управен одбор бр.02-34/3 од 10.01.2025 год.), во фаза на реализација се:

Инвестиционите вложувања во делот на набавка на ОСНОВНИ СРЕДСТВА: Теренски возила со погон на сите оски (4*4) за потребите на подружниците, се преку финансиски лизинг за период од пет (5) години, почнувајќи од 2023 година во вкупен износ од 37.132.793,65денари. Согласно вредноста на договорот за набавка на теренски возила со Бр.03-14/333 од 16.11.2023 год., една месечна рата изнесува 512.634денари без ддв, односно заклучно со 31.12.2025год реализирани се 13.359.444денари, а од 01.01.2025 до 31.12.2025 година реализирани се 6.151.608денари без ддв сопствени средства.

Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 84та седница на Владата на Република С.Македонија бр.50-5236/9 од 18.06.2025 година, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да предвиди мерка и финансиски средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година за потребите на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"п.о.- Скопје од мерката 122 во висина од 100% износ.

Мерката 122 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година претставува: Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите во вкупен износ од 54.000.000 денари. Средствата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година се наменети за Инвестиции за набавка на механизација и опрема во шумарството за заштита од природни непогоди во вкупен износ од 48.000.000денари, за набавка на:

| Ред. број | Вид на инвестиција | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Специјална опрема за гаснење на шумски пожари-пумпи | 2.400.000 |
| 2 | Градежни машини - Булдожери | 31.000.000 |
| 3 | Дизел- компресор комплет за потребите при изградба на патишта | 5.600.000 |
| 4 | Трактор со витло | 9.000.000 |
| СЕ ВКУПНО: | | **48.000.000** |

Инвестиционите вложувања за набавка на: Специјална опрема за гаснење на шумски пожари-пумпи, Градежни машини—Булдожери, Дизел-компресор комплет за потребите при изградба на патишта и Трактор со витло претставуваат дел од Годишната Инвестициона програма за 2025 година Бр.02-36/1 од 08.01.2025год. усвоена од Владата на РСМ на седницата одржана на 04.02.2025год. со Одлука за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2025 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"п.о.- Скопје Бр.50-292/6.

Врз основа на поднесено Барање наш арх.бр.02-446/1 од 06.08.2025год. и арх.бр.14-10371/1 од 06.08.2025год. од МЗШВ, склучен е Договор за инвестициони вложувања за набавка на механизација и опрема во шумарството и заштита од природни непогоди под наш арх.бр.03-14/234 од 08.08.2025год. и арх.бр.14-10371/2 од 08.08.2025год. од МЗШВ.

-Во извештајниот период по спроведена отворена постапка по Оглас бр.15952/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на стоки: Градежни машини-булдожери со проценета вредност во износ од 26.271.187ден. без ддв, постапката е поништена согласно Одлука за поништување.

-По спроведена отворена постапка по Оглас бр.18895/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на стоки: Возила за дотур со витло (трактори), склучен е Договор за јавна набавка со бр.03-14/330 од 05.12.2025 год. во износ од 8.350.665ден. без ддв.

-По спроведена отворена постапка по Оглас бр.16320/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на стоки: Специјална опрема за гаснење на пожар-пумпи, согласно одлуката е извршено поништување на истата.

-По спроведена отворена постапка по Оглас бр.16602/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на стоки: Дизел-компресори комплет за потребите при изградба на патишта, склучен е Договор за јавна набавка со бр.03-14/321 од 14.11.2025год. во износ од 3.980.696,96ден. без ддв.

Согласно мерката 122 од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој за 2025 година (Сл. Весник бр. 29/25 и 88/25) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о. Скопје, ќе користи и средства во износ од 6.000.000денари кои ќе бидат наменети за зголемување на економската вредност на шумите, за изградба на шумска инфраструктура (патишта) во рамките на Шумскостопанските единици, кои ќе бидат во функција на навремена и брза интервенција за заштита на шумите од шумски пожари.

Инвестиционите вложувања за изградба на шумска инфраструктура (патишта) претставуваат дел од Годишната Инвестициона програма за 2025 година. Планираните средства за инвестициони вложувања за изградба и реконструкција

на шумски комуникации, се планирани во тековните трошоци во Програмата за работа на ЈП„Национални шуми“за 2025 год.

Врз основа на поднесено Барање наш арх.бр.02-340/1 од 19.06.2025 год. склучен е Договор за соработка со Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој наш арх.бр.03-14/209 од 31.07.2025 год и арх.бр.01-2170/1 од 31.07.2025 год. од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка наш арх.бр.02-446/2 од 08.08.2025 год. и арх.бр.02-2028/2 од 08.08.2025 год. од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

По спроведена поедноставена отворена постапка по Оглас бр.14626/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на работи-изведување: Изградба на шумска инфраструктура во рамките на ШСЕ за подобрување на пристапноста, заштита од пожари и ефикасно и одржливо стопанисување со шумите, согласно точка 3 од Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка бр.02-2028/2 од 08.08.2025год. барателот за инвестицијата наведена во Барањето бр.02-2028/1, да ја спроведе постапката за јавна набавка во согласност со законот за јавни набавки, во рок до 31.12.2025година.

Во извештајниот период по спроведена отворена постапка за набавка на стоки-Уреди за следење на дрвна маса по оглас бр.12157/2025 со проценета вредност без ддв: 6.400.000денари, по донесена Одлука за избор на најповолна понуда, склучен е договор бр.03-14/248 од 15.09.2025год., со вкупна вредност без ддв од 4.966.450ден.

Во делот на набавка на Информатичка опрема:

- Во извештајниот период има реализација на инвестициони активности во делот на Информатичка опрема-набавка на Печатари и фотокопири, односно по спроведена поедноставена отворена постапка склучени се Договори за набавка на: мултифункциски ласерски принтер А3 формат, црно бел Дел-2, бр. 03-14/188 од 10.06.2025 година со вкупна вредност од 588.500ден. без ддв или 617.925 ден. со ддв и за мултифункциски ласерски принтер А4 формат, црно бел –Дел 3, бр. 03-14/187 од 10.06.2025 година, со вкупна вредност од 360.000ден. без ддв или 378.000 ден. со ддв. Додека пак, за мултифункциски ласерски принтер А3 формат во боја Дел-1 од поедноставената отворена постапка согласно Одлуката е извршено поништување за наведениот дел по оглас бр.07054/2025, бидејќи понудувачите понудиле цени и услови за извршување на Договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот согласно ЗЈН.

-По спроведена постапка по оглас бр.16051/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на стоки: Фотокопир - мултифункциски ласерски принтер А3 формат во боја, склучен е Договор со бр.03-14/303 од 07.10.2025год. во износ од 151.200ден. без ддв или 158.760ден. со ддв.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА ВО 2025 год.

Табела 7

### 1. Со сопствена механизација

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2025 год. - км - | Вкупно изградено во 2025 год. - км - | Категорија на земјиште | Вкупни трошоци за минирање во денари | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=7/3 | 7 | 8 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 130,36 | 74,29 | | | 320.458 | 23.806.836 | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 205,20 | 234,73 | | | 47.227 | 11.085.651 | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 793,20 | 790,47 | | | 22.793 | 18.017.362 | |
| ВКУПНО : | 1.128,76 | 1.099,49 | | | | 52.909.849 | |

### 2. Со други услуги

| Вид на шумскокамионски пат | Вкупно планирано за изградба во 2025 год. - км - | Вкупно изградено во 2025 год. - км - | Категорија на земјиште | Потребен број на работни часови по 1 км. | Цена на чинење на 1 работен час - денари- | Вкупни трошоци за минирање - денари - | Средна цена на чинење за 1 км - денари - | Вкупни трошоци - денари - | Тип на механизација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=9/3 | 9 | 10 |
| ТВРДИ ПАТИШТА | 0,00 | | | | | | | | |
| МЕКИ ПАТИШТА | 130,33 | 48,65 | | | | | 359.233 | 17.476.699 | |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 77,80 | 29,55 | | | | | 55.585 | 1.642.544 | |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 213,18 | 89,70 | | | | | 29.184 | 2.617.833 | |
| ВКУПНО : | 421,31 | 167,90 | | | | | | 21.737.076 | |

*СЕ ВКУПНО 1+2*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно изградено меки патишта во 2025 год. | km. | 122,94 | денари : | 41.283.535 |
| Вкупно реконструкција на патишта во 2025 год. | km. | 264,28 | денари : | 12.728.195 |
| Вкупно прочистување на патишта во 2025 год. | km. | 880,17 | денари : | 20.635.195 |
| * Се вкупно : | km. | 1.267,39 | денари : | 74.646.926 |

Извор на податоци:
Сектор за управување со шумско земјиште, шумска инфраструктура и механизација

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПАТИШТА (СПОРЕДБА 2025/ 2024 год.)

### 1. СО СОПСТВЕНА МЕХАНИЗАЦИЈА

Табела 7а

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2024 год. | | | 2025 год. | | | И Н Д Е К С 2025/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2024 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2025 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 72,91 | 252.349 | 18.398.733 | 74,29 | 320.458 | 23.806.836 | **1,02** | **1,27** | **1,29** |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 203,88 | 42.239 | 8.611.740 | 234,73 | 47.227 | 11.085.651 | **1,15** | **1,12** | **1,29** |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 677,42 | 18.214 | 12.338.637 | 790,47 | 22.793 | 18.017.362 | **1,17** | **1,25** | **1,46** |
| **В К У П Н О :** | **954,21** | | **39.349.110** | **1.099,49** | | **52.909.849** | **1,15** | | **1,34** |

### 2. СО ДРУГИ УСЛУГИ

| ВИД НА ШУМСКОКАМИОНСКИ ПАТ | 2024 год. | | | 2025 год. | | | И Н Д Е К С 2025/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно изградено во 2024 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | Вкупно изградено во 2025 г. | Средна цена на чинење на 1км. | Вкупни трошоци | На изградено | Средна цена на чинење на 1км. | На вкупни трошоци |
| | км. | денари | | км. | денари | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=5:2 | 9=6:3 | 10=7:4 |
| МЕКИ ПАТИШТА | 25,49 | 322.729 | 8.226.368 | 48,65 | 359.233 | 17.476.699 | **1,91** | **1,11** | **2,12** |
| РЕКОНСТРУКЦИЈА | 6,00 | 50.000 | 300.000 | 29,55 | 55.585 | 1.642.544 | **4,93** | **1,11** | **5,48** |
| ПРОЧИСТУВАЊЕ | 12,68 | 30.377 | 385.179 | 89,70 | 29.184 | 2.617.833 | **7,07** | **0,96** | **6,80** |
| **В К У П Н О :** | **44,17** | | **8.911.547** | **167,90** | | **21.737.076** | **3,80** | | **2,44** |

## 2.2. К о м е н т а р

Шумски патишта се патишта во кои се вклучени и другите патни инфраструктури кои се долж нивните правци кои се првенствено наменети за одгледување и користење на шумите. Планирани и изградени патишта во шума кои се наменети за превоз на шумски производи, се сметаат за шумски патишта и ги користат субјектите кои стопанисуваат со шумите. Остварувањето на планските задачи за изградба, реконструкција и прочистување на патишта во 2025 год. се на задоволително ниво. Имено, изградени се вкупно 122,94 км меки патишта, што претставува 47,15% од годишниот план, додека со извршеното прочистување на постоечката патна мрежа од 880,17 км, годишниот план е остварен со 87,45%. Остварувањето на планираното прочистување на постоечката патна мрежа зависи од временските услови (обилни и поројни дождови). Прочистувањето на веќе постоечката патна мрежа зависи и од отвореноста на ШСЕ, а за потребите на планираната динамика за превоз на дрвни сортименти. Исто така секоја ШСЕ се отвора по потреба во зависност од Годишниот план на подружницата, а во согласност со десет годишната важност на истата. За реализација на остварените плански задачи за изградба на патишта, реконструкција и прочистување на постоечката патна мрежа во 2025 год. потрошени се вкупно 74.646.926 ден. со сопствена механизација и со други услуги.(стр.29)

Од споредбените податоци за изградба, реконструкција и прочистување на патишта со сопствена механизација може да се констатира дека индексот на вкупно изградени патишта и прочистување на постоечката патна мрежа е 1,15, а индексот на вкупни трошоци е 1,34 во однос на 2024 год. Индексот пак, на средната цена на чинење изнесува 1,27 за изградба на меки патишта, 1,12 за реконструкција и 1,25 за прочистување, што значи дека средната цена на чинење со сопствена механизација е зголемена за 27% за изградба на меки патишта, зголемена за 12% за реконструкција и зголемена за 25% за прочистување на постоечката патна мрежа.(стр.30) Оптималната отвореност на шумите со патишта се утврдува со општиот план и посебните планови. Отвореноста на шумите во просек изнесува 10,72 м/ха. Од вкупно 10.719,19 км патишта кои се оспособени за камионски сообраќај, на тврди патишта отпаѓаат 1.036,88 км или 9,67%, а на меки 9.682,31 км или 90,33%.

Согласно мерката 122 од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој за 2025 година (Сл. Весник бр.29/25 и 88/25) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о. Скопје, ќе користи и средства во износ од 6.000.000денари кои беа наменети за зголемување на економската вредност на шумите, за изградба на шумска инфраструктура (патишта) во рамките на Шумскостопанските единици, кои ќе бидат во функција на навремена и брза интервенција за заштита на шумите од шумски пожари. Инвестиционите вложувања за изградба на шумска инфраструктура (патишта) претставуваат дел од Годишната Инвестициона програма за 2025 година. Планираните средства за инвестициони вложувања за изградба и

реконструкција на шумски комуникации, се планирани во тековните трошоци во Програмата за работа на ЈП Национални шумиза 2025 год.

Врз основа на поднесено Барање наш арх.бр.02-340/1 од 19.06.2025 год. склучен е Договор за соработка со Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој наш арх.бр.03-14/209 од 31.07.2025 год и арх.бр.01-2170/1 од 31.07.2025 год. од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, како и Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка наш арх.бр.02-446/2 од 08.08.2025 год. и арх.бр.02-2028/2 од 08.08.2025 год. од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

По спроведена поедноставена отворена постапка по Оглас бр.14626/2025 за предмет на Договор за јавна набавка на работи-изведување:Изградба на шумска инфраструктура во рамките на ШСЕ за подобрување на пристапноста, заштита од пожари и ефикасно и одржливо стопанисување со шумите, согласно точка 3 од Решение за одобрување на барање за финансиска поддршка бр.02-2028/2 од 08.08.2025год. барателот за инвестицијата наведена во Барањето бр.02-2028/1, да ја спроведе постапката за јавна набавка во согласност со законот за јавни набавки, во рок до 31.12.2025година. ЈП„Национални шуми"п.о.-Скопје по реализација на инвестициите, ќе достави барање за исплата на средства пропратено со времени ситуации и/или фактури доставено од страна на економските оператори и одобрени од страна на носителот на набавката до Агенцијата за исплата на превземената обврска согласно условите утврдени во Договорот за финансиска поддршка.

Координација во планирањето, изградбата, одржувањето на патиштата во функција за стопанисување со шумите, како и стручен надзор за извршените работи, врши субјектот кој стопанисува со шумите. Корисниците на шуми се должни да ги одржуваат шумските патишта и да водат евиденција за нив. Проширување и подобрување на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна долготрајна обврска на ЈП„Национални шуми" и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. За таа цел, ЈП„Национални шуми" во изминатиов период (2012-2016год.) набави 15 нови градежни машини-булдожери, при што дојде до намалување на трошоците, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по единица км.

Со соодветни шумски комуникации се овозможува: континуиран, сигурен, поефтин и побрз превоз, зголемена ефикасност во процесот на заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, отворање на шумите за користење на други шумски производи, како и подобрување на превозот на работниците.

На тој начин покрај подобрување на условите за подобро стопанисување со државните шуми, ќе се создаде и можност за развој на руралните средини, односно поврзување на населените места и побрз превоз на стоки и материјали, како и користење на шумите за рекреација, лов и планински туризам.

Тоа позитивно ќе влијае и врз целокупниот стопански развој на државата.

# 3.ПЛАНИРАНА ОЗНАКА ВО ШУМИ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ И ОЗНАКА НА РЕТКИ ВИДОВИ НА ДРВЈА, НА ПОЕДИНЕЧНИ ИЛИ ГРУПА НА ШУМСКИ ДРВЈА НА ПОВРШИНИ НАДВОР ОД ШУМА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ И РЕАЛИЗИРАНА ВО 2025 год.

Табела 8

| Ред.број | ПОДРУЖНИЦА | ОЗНАКА НА ДРВО ВО ШУМА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | ОЗНАКА НА РЕТКИ ВИДОВИ НА ДРВЈА, НА ПОЕДИНЕЧНИ ИЛИ ГРУПА НА ШУМСКИ ДРВЈА НА ПОВРШИНИ НАДВОР ОД ШУМА ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ 01-12м 2025г. - $m^3$ | | | | | Вкупно уплатени средства - ден.- |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ТЕХНИЧКО ДРВО - $m^3$ | | | | ОГРЕВНО ДРВО - $m^3$ | | | | | ТЕХНИЧКО | | ОГРЕВНО | | Уплатени средства во ден. | |
| | | ПЛАНИР. 2025 год. | одобрена дрвна маса 01-12м 2025 | реализирана дрвна маса 01-12м 2025 | % | ПЛАНИР. 2025 год. | одобрена дрвна маса 01-12м 2025 | реализирана дрвна маса 01-12м 2025 | % | Уплатени средства во ден. | одобрено | реал. | одобрено | реал. | | |
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15=9+14 |
| 1 | "Малешево"- Берово | **5.024,00** | 8.199,55 | 7.533,97 | 150 | **15.774,00** | 12.357,85 | 18.328,54 | 116 | 11.773.129,50 | 573,20 | 482,33 | 621,48 | 570,60 | 339.273,60 | **12.112.403,10** |
| 2 | "Равна Река" - Пехчево | **1.110,00** | 621,32 | 593,93 | 54 | **1.150,00** | 432,00 | 424,65 | 37 | 452.639,55 | 196,87 | 84,87 | 317,25 | 211,15 | 97.446,00 | **550.085,55** |
| 3 | "Осогово" - Крива Паланка | **1.500,00** | 20,12 | 46,45 | 3 | **11.358,00** | 8.339,52 | 11.330,51 | 100 | 3.761.838,00 | 179,46 | 317,68 | 4.148,79 | 4.188,87 | 1.382.160,00 | **5.143.998,00** |
| 4 | "Кратово" - Кратово | **0,00** | 91,68 | 26,59 | | **5.500,00** | 1.316,60 | 1.818,50 | 33 | 787.750,00 | 0,00 | 0,00 | 35,00 | 172,30 | 11.200,00 | **798.950,00** |
| 5 | "Осогово" - Кочани | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **2.640,00** | 2.314,00 | 2.121,30 | 80 | 931.100,00 | 42,00 | 40,00 | 1.281,24 | 1.378,24 | 630.877,00 | **1.561.977,00** |
| 6 | "Серта" - Штип | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **960,00** | 677,30 | 1.083,80 | 113 | 458.560,00 | 0,00 | 0,00 | 57,50 | 27,00 | 18.400,00 | **476.960,00** |
| 7 | "Плачковица" - Радовиш | **1.500,00** | 265,17 | 265,17 | 18 | **13.000,00** | 13.817,10 | 9.605,36 | 74 | 6.337.035,00 | 10,00 | 10,00 | 130,50 | 130,50 | 44.960,00 | **6.381.995,00** |
| 8 | "Плачковица" - Виница | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **5.240,00** | 4.305,50 | 3.981,50 | 76 | 1.937.662,00 | 575,00 | 434,20 | 707,00 | 583,00 | 410.277,00 | **2.347.939,00** |
| 9 | "Беласица" - Струмица | **0,00** | 35,00 | 35,00 | | **560,00** | 1.288,00 | 1.175,00 | 210 | 595.350,00 | 20,00 | 12,00 | 65,00 | 65,00 | 27.200,00 | **622.550,00** |
| 10 | "Саланџак" - Валандово | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2,10 | 2,10 | 672,00 | **672,00** |
| 11 | "Кожуф" - Гевгелија | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** |
| 12 | "Демир Капија" - Д.Капија | **200,00** | 10,00 | 5,47 | 3 | **500,00** | 293,60 | 285,10 | 57 | 116.730,00 | 42,00 | 59,12 | 786,27 | 756,20 | 211.010,00 | **327.740,00** |
| 13 | "Бор" - Кавадарци | **340,00** | 18,50 | 18,34 | 5 | **2.030,00** | 757,00 | 728,30 | 36 | 348.510,00 | 103,13 | 105,21 | 559,06 | 527,90 | 211.897,00 | **560.407,00** |
| 14 | "Црн Бор" - Прилеп | **160,00** | 37,90 | 0,00 | 0 | **1.510,00** | 301,40 | 287,29 | 19 | 152.419,00 | 428,98 | 311,57 | 851,32 | 764,96 | 406.022,00 | **558.441,00** |
| 15 | "Бабуна" - Велес | **200,00** | 31,50 | 27,72 | 14 | **6.712,00** | 1.905,00 | 1.899,40 | 28 | 0,00 | 96,64 | 82,79 | 666,05 | 529,46 | 0,00 | **0,00** |
| 16 | "Шумарство" - Св.Николе | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **1.500,00** | 1.282,00 | 1.105,70 | 74 | 496.800,00 | 0,00 | 0,00 | 561,00 | 436,10 | 160.160,00 | **656.960,00** |
| 17 | "Кајмакчалан" - Битола | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **1.800,00** | 122,20 | 117,20 | 7 | 54.990,00 | 180,20 | 76,54 | 647,10 | 457,55 | 249.344,00 | **304.334,00** |
| 18 | "Бигла" - Демир Хисар | **150,00** | 5,50 | 5,15 | 3 | **1.920,00** | 1.597,50 | 1.493,75 | 78 | 721.350,00 | 60,00 | 58,34 | 623,50 | 557,96 | 218.720,00 | **940.070,00** |
| 19 | "Липа" - Крушево | **15,00** | 0,00 | 0,00 | 0 | **555,00** | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 9,48 | 0,00 | 0,00 | **0,00** |
| 20 | "Преспадрво" - Ресен | **0,00** | 15,00 | 15,00 | | **320,00** | 225,97 | 225,97 | 71 | 108.436,50 | 0,00 | 0,00 | 671,85 | 671,85 | 214.993,00 | **323.429,50** |
| 21 | "Галичица" - Охрид | **1.000,00** | 45,00 | 88,40 | 9 | **12.000,00** | 2.222,10 | 3.569,90 | 30 | 959.872,00 | 189,50 | 180,90 | 1.428,70 | 2.521,00 | 619.020,00 | **1.578.892,00** |
| 22 | "Јабланица" - Струга | **0,00** | 35,00 | 9,97 | | **7.000,00** | 2.170,00 | 1.941,60 | 28 | 1.033.188,00 | 93,50 | 61,95 | 1.536,50 | 1.796,00 | 545.759,00 | **1.578.947,00** |
| 23 | "Стогово" - Дебар | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **1.200,00** | 964,00 | 909,00 | 76 | 433.800,00 | 56,00 | 70,31 | 698,00 | 561,35 | 240.468,00 | **674.268,00** |
| 24 | "Лопушник" - Кичево | **120,00** | 4,00 | 69,71 | 58 | **7.900,00** | 3.422,53 | 4.324,32 | 55 | 1.234.739,50 | 134,30 | 224,35 | 3.098,32 | 3.625,62 | 917.979,90 | **2.152.719,40** |
| 25 | "Сандански" - Мак.Брод | **330,00** | 0,00 | 0,00 | 0 | **1.040,00** | 451,68 | 426,70 | 41 | 183.930,00 | 143,94 | 64,57 | 1.097,64 | 808,63 | 394.441,00 | **578.371,00** |
| 26 | "Шар" - Гостивар | **100,00** | 73,34 | 61,38 | 61 | **3.500,00** | 2.131,23 | 1.934,09 | 55 | 992.056,50 | 44,10 | 27,49 | 987,50 | 809,30 | 330.112,00 | **1.322.168,50** |
| 27 | "Лешница" - Тетово | **0,00** | 105,00 | 61,00 | | **1.010,00** | 325,00 | 357,00 | 35 | 192.150,00 | 828,00 | 419,02 | 2.437,50 | 2.223,70 | 1.021.050,00 | **1.213.200,00** |
| 28 | "Караџица" - Скопје | **0,00** | 0,00 | 0,00 | | **8.000,00** | 2.919,00 | 2.700,00 | 34 | 1.313.440,00 | 0,00 | 0,00 | 1.071,00 | 991,00 | 342.798,00 | **1.656.238,00** |
| 29 | "Куманово" - Куманово | **0,00** | 0,00 | 3,50 | | **13.250,00** | 10.285,00 | 8.499,50 | 64 | 3.609.434,00 | 347,86 | 169,89 | 3.645,78 | 1.109,10 | 413.705,00 | **4.023.139,00** |
| 30 | "Голак" - Делчево | **2.210,00** | 1.214,50 | 1.616,50 | 73 | **17.950,00** | 13.789,00 | 13.863,50 | 77 | 6.716.475,00 | 129,50 | 117,70 | 1.041,50 | 995,60 | 374.720,00 | **7.091.195,00** |
| | В К У П Н О : | **13.959,00** | **10.828,08** | **10.483,25** | **75** | **145.879,00** | **90.012,08** | **94.537,48** | **65** | **45.703.384,55** | **4.474,18** | **3.410,83** | **29.783,93** | **27.472,04** | **9.834.664,50** | **55.538.049,05** |

| | техничко | огревно | вкупно |
|---|---|---|---|
| **Вкупно реализирана дрвна маса од шума и од меѓи во $m^3$:** | **13.894,08** | **122.009,52** | **135.903,60** |



Извор на податоци: Сектор за шумарство

# 3.1. Коментар

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ Бр.160 од 31 октомври 2014 год.) во член 92 и 97 стопанисувањето со приватните шуми го вршат сопствениците, а услугите за извршување на стручните работи од областа на шумарството ги вршат Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

Работите кои се однесуваат на заштита и користење на приватни шуми го вршат самите сопственици. Стопанисувањето со приватните шуми се врши врз основа на донесени посебни планови за стопанисување, програми или критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост. Посебните планови и програми за стопанисување со шумите во приватна сопственост ги донесуваат сопствениците на шумите, а ги одобрува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Во текот на 2025 год. одобрени се вкупно 135.098,27 м3, од кои на техничко дрво отпаѓаат 15.302,26 м3 и на огревно дрво отпаѓаат 119.796,01 м3.

Од вкупно одобрената дрвна маса во овој период реализирано е 13.894,08 м3 техничко и 122.009,52м3 огревно дрво или вкупна дрвна маса од 135.903,60м3. Средствата кои се остварени од ознака во шумите во приватна сопственост и ознака на ретки видови на дрвја, на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост во 2025год. изнесуваат 55.538.049,05 денари.

Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечката Одлука за утврдување на цени во ЈП„Национални шуми"п.о.-Скопје за ознака во шумите во приватна сопственост и ознака на ретки видови дрвја, на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост Бр.02-656/6 од 1.11.2024год., со која престана да важи Ценовникот на ЈП„Македонски шуми" за ознака и други услуги за шуми во приватна сопственост Бр.2-2936/4-7 од 27.12.2005 година. (Табела 8, стр.33)

# 4. ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ШУМИ

## 4.1. ПРЕГЛЕД НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ПРОСТА РЕПРОДУКЦИЈА НА ШУМИТЕ ПО ВИД НА ИЗВРШЕНА РАБОТА ВО 2025 год.

Табела 9

| Ред.број | Вид на извршена работа | Единечна мерка | Количина | Вкупно потрошени средства во денари | Учество во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Пошумување на голини | ха | 5,09 | 949.118,00 | 1,23 |
| 2 | Пошумување во шума | ха | 39,33 | 3.467.053,00 | 4,48 |
| 3 | Потсејување | ха | 15,50 | 373.101,00 | 0,48 |
| 4 | Пополнување | ха | | | 0,00 |
| 5 | Прореди | ха | 207,82 | 1.589.495,00 | 2,05 |
| 6 | Нега и чистење | ха | | | 0,00 |
| 7 | Кастрење гранки | ха | | | 0,00 |
| 8 | Конверзија | ха | 53,71 | 522.223,03 | 0,67 |
| 9 | Реконструкција | ха | | | 0,00 |
| 10 | Санитарна сеча | ха | | | 0,00 |
| 11 | Гаснење на пожар | ха | 1.392,30 | 2.405.059,14 | 3,11 |
| 12 | Санација на опожарени површини - чистење | ха | | | 0,00 |
| 13 | Заштита од болести и штетници | ха | | 505.000,00 | 0,65 |
| 14 | Заштита од пожари | ха | | 2.464.004,00 | 3,18 |
| 15 | Заштита од добиток и напасување | ха | 2.231,00 | 767.825,31 | 0,99 |
| | Вкупно : | ха | 3.944,75 | 13.042.878,48 | 16,85 |
| 16 | Контролни рампи | | | | 0,00 |
| 17 | Техничко опремување | | 1 | 967.600,00 | 1,25 |
| | Вкупно : | | 1 | 967.600,00 | 1,25 |
| 18 | Изградба на пат | км | 79,79 | 23.298.182,90 | 30,10 |
| 19 | Реконструкција на пат | км | 81,31 | 5.052.327,23 | 6,53 |
| 20 | Чистење на пат | км | 182,35 | 5.166.057,88 | 6,67 |
| | Вкупно : | | 343,45 | 33.516.568,01 | 43,30 |
| 21 | Изработка на посебни планови | | | 29.872.425,40 | 38,60 |
| СЕ ВКУПНО НА НИВО НА ЈП: | | | | 77.399.471,89 | **100,00** |

**Извор на податоци: Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов**

## 4.2. Реализирани активности од Проширена репродукција на шумите за 2025 год.

Согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2025 год.
(Сл.весник на РСМ бр.28/25 и 109/25)

Табела 9а

| Подружница | Одгледна мерка | Реализирана површина по договор - ха - | Реализирана површина по договор (исплатена) - ха - | Вкупно приход (исплатен) - денари - | Реализирана површина по договор (за исплата*) - ха - | Вкупно очекуван приход согласно Програмата за проширена репродукција за 2026 год. (Сл.весник на РСМ бр.29/26) (за исплата*) - денари - |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *1. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ По ДОГОВОР за отстранување на последиците од шумски пожари на површини над 50ха во рамките на една ШСЕ државна сопственост преку вештачка обнова со пошумување со садници/пошумување со семе (под Бр.03-14/161 од 03.05.2025 год. (48-7805/1 од 04.06.2025 год.) согласно ППРШ за 2025 год. (Сл.весник на РСМ бр.28/25 и 109/25)* | | | | | | |
| *1.1.ШС „Кожуф"-Гевгелија ШСЕ „Кованска река", во пододдели: 28/а и 31/а* | отстранување на последиците од шумски пожари со пошумување со садници | 51,00 | 36,10 | 5.146.416 | 14,90 | 2.124.144 |
| *1.2. ШС „Малешево" Берово КО Будинарци, КП 1, неуредена површина под шума* | отстранување на последиците од шумски пожари со пошумување со семе (подсејување) | 55,00 | 35,00 | 2.479.260 | 20,00 | / |
| *1.3. ШС „Равна Река" Пехчево ШСЕ Буковиќ - Бајаз Тепе во пододдели: 59/б, 60/б, 60/в, 65/а, 75/в, 100/а, 103/а и 103/б* | отстранување на последиците од шумски пожари со пошумување со семе (подсејување) | 128,00 | 74,24 | 5.258.865 | 53,76 | 3.808.143 |
| *ВКУПНО (1):* | | **234,00** | **145,34** | **12.884.541** | **88,66** | **5.932.287** |
| *2. НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШУМСКИ ПОЖАРИ По ДОГОВОР за отстранување на последиците од шумски пожари на површини над 50ха во рамките на една ШСЕ државна сопственост преку вештачка обнова со пошумување со садници Бр.03-14/43 од 15.03.2024 год. (48-3613/1 од 19.03.2024 год.) согласно Дел III точка 2 од Табелата од ППРШ за 2024 год. (Сл.весник на РСМ бр.13/24)) согласно ППРШ за 2025 год. (Сл.весник на РСМ бр.28/25 и 109/25)* | | | | | | |
| *2. Неизмирени обврски согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година за отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова од точка 3 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год.(Сл.весник на РСМ бр.28/25 и 109/25)* | отстранување на последиците од шумски пожари | | | 5.000.000 | | |
| *СЕ ВКУПНО (1+2) :* | | **234,00** | **145,34** | **17.884.541** | **88,66** | **5.932.287** |

*Напомена: Согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2025 год.(Сл.весник на РСМ бр.28/25 и 109/25) заклучно со 31.12.2025 год. од страна на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство од се вкупно 25.233.548 денари исплатени се 17.884.541,00 денар, а преостанатите неизмирени обврски во вкупен износ од 5.932.287 денари ќе бидат исплатени во текот на 2026 год. согласно Програмата за проширена репродукција за 2026 год. (Сл.весник на РСМ бр.29/26), а за реализираните 20,00ха во ПШС „Малешево" Берово, МЗШВ не ни признава од причина што е неуредено земјиште и не влегува во ШСЕ.

Извор на податоци: Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов

## 4.3. ОСТВАРЕНО РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО ВО 2025 год.

Табела 9б

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| ПРОИЗВОДСТВО НА САДНИЦИ | | | | | |
| Црн бор | 1+0 | бр. | 40.000 | 797.000 | **837.000** |
| Бел бор | " | " | | 100.550 | **100.550** |
| Аризонски чемпрес | " | " | 2.000 | 91.000 | **93.000** |
| Туја | " | " | 1.490 | | **1.490** |
| Гледич | " | " | 1.500 | | **1.500** |
| Даб | " | " | 500 | 7.000 | **7.500** |
| Питом костен | " | " | 2.100 | | **2.100** |
| Смрча | " | " | | 1.000 | **1.000** |
| Платан | " | " | | 5.000 | **5.000** |
| Керлеутерија | " | " | | 5.000 | **5.000** |
| Багрем | " | " | 187.755 | | **187.755** |
| Топола | " | " | 3.112 | | **3.112** |
| Каталпа | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Јасен | " | " | 65.700 | | **65.700** |
| Албиција | " | " | 2.000 | | **2.000** |
| Јавор | " | " | 17.000 | | **17.000** |
| Еводија | " | " | 200 | | **200** |
| **ВКУПНО : 1+0** | | | **325.357** | **1.006.550** | **1.331.907** |
| Црн бор | 2+0 | бр. | 35.600 | 75.380 | **110.980** |
| Бел бор | 2+0 | " | | 80.000 | **80.000** |
| Аризонски чемпрес | 2+0 | " | | 8.000 | **8.000** |
| Дуглазија | 2+0 | " | 1.000 | | **1.000** |
| Смрча | 2+0 | " | 350 | 7.000 | **7.350** |
| Даб | 2+0 | " | 6.000 | 5.000 | **11.000** |
| Албиција | 2+0 | " | | | **0** |
| Јавор | 2+0 | " | 6.740 | | **6.740** |
| Јасен | 2+0 | " | 5.000 | | **5.000** |
| Багрем | 2+0 | " | 100 | | **100** |
| Црн бор | 3+0 | " | 7.000 | | **7.000** |
| Дуглазија | 3+0 | " | 1.000 | 5.000 | **6.000** |
| Смрча | 3+0 | " | 150 | 6.000 | **6.150** |
| Албиција | 3+0 | " | 1.200 | | **1.200** |
| Каталпа | 3+0 | " | 4.650 | | **4.650** |
| Јасен | 3+0 | " | 1.800 | | **1.800** |
| Јавор | 3+0 | " | 11.770 | | **11.770** |
| **ВКУПНО : 2+0 и 3+0** | | | **82.360** | **186.380** | **268.740** |



**Извор на податоци:**
**Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов**

| ДРВЕН ВИД | Возраст | Един. мера | Остварено | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Класично | Контејнер | Вкупно: |
| ДРУГИ САДНИЦИ ОД РАЗНИ ВИДОВИ И ВОЗРАСТ | | | | | |
| Туја вудворди | 1+0 | " | 350 | | 350 |
| Смрча | 1+5 | " | 67 | | 67 |
| Смрча | 1+6 | " | | | 0 |
| Аризонски чемпрес | 1+4 | " | | | 0 |
| Аризонски чемпрес | 2+1 | " | | | 0 |
| Хамаципарис тин тин | 1+4 | " | | | 0 |
| Туја вудворди | 1+4 | " | 207 | | 207 |
| Хамаципарис алуми | 1+4 | " | 157 | | 157 |
| Хамаципарис елводи | 1+4 | " | 186 | | 186 |
| Туја розенталис | 1+5 | " | 85 | | 85 |
| Туја санкис зелена | 1+5 | " | 123 | | 123 |
| Туја смарагд | 1+5 | " | 131 | | 131 |
| Туја смарагд конт. | 1+4 | " | | | 0 |
| Топола | 1+4 | " | 25 | | 25 |
| Хамаципарис алуми | 2+0 | " | 60 | | 60 |
| ВКУПНО : | | | 1.391 | 0 | 1.391 |
| СЕ ВКУПНО САДНИЦИ НА НИВО НА ЈП | | | 409.108 | 1.192.930 | 1.602.038 |

**ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА СЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ ЗА РАСАДНИЧКО ПРОИЗВОДСТВО**
**Период: 01 - 12 месец 2025 год.**

| ДРВЕН ВИД | ЕДИН. МЕРА | КОЛИЧИНА |
|---|---|---|
| Питом костен | кгр. | 15,0 |
| Даб | " | 15,0 |
| Аризонски чемпрес | " | 2,0 |
| Пауловнија | " | 1,0 |
| Палма | " | 5,0 |
| Каталпа | " | 0,3 |
| Бреза | " | 1,0 |
| Махонија | " | 0,5 |
| Јасен | " | 10,0 |
| Јавор | " | 10,0 |
| Туја | " | 2,0 |
| Златен дожд | " | 0,5 |
| Албиција | " | 0,3 |
| Лагерстремија | " | 0,4 |
| Багрем | " | 20,0 |
| Липа | " | 300,0 |
| Шишарки од црн бор | " | 700,0 |
| **Вкупно:** | | **1.083,0** |



**Извор на податоци:**
**Сектор за одгледување, подигање, екологија и лов**

# 4.4. Коментар

Активностите во делот на одгледувањето на шумите, се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите. Со членот 94 од Законот за шуми, регулиран е начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Овие средства се наменски и се користат за одгледување и заштита на постојните шуми, за изградба на шумски патишта, за техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и изработка на планови за стопанисување со шумите. Од табеларниот преглед на издвоени и потрошени средства за проста репродукција на шумите по вид на извршена работа во 2025 год., може да се види дека потрошени се средства во износ од 77.399.472 денари. (Табела 9, стр.35)

Согласно член 95 од Законот за шумите за работите на проширена репродукција на шуми средства обезбедуваат: субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, сопствениците на шуми во приватна сопственост во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво на франко камионски пат, како и правните субјекти што вршат промет на дрво во висина од 3% од вредноста на продаденото дрво и од Буџетот на РМ. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Сл.весник на Р.Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Сл.весник на РСМакедонија" бр.274/22 и 255/24), Владата на РСМакедонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 год. донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2025 год.

-Дел I: со оваа програма, согласно Буџетот на РСМакедонија за 2025 година. (Службен весник на РСМакедонија бр.254/24) Раздел 14001-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2-Шумарство, Потпрограма 20-Шумарство, Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, се утврдува изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на исплата на средствата за извршени работи во 2025 год.

-Дел II: за извршување на работите и мерките од дел I на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., се утврдува изворот и износот на средствата и тоа од Буџетот на РСМакедонија во вкупен износ од 27.000.000 денари.

-Дел III: Средствата наведени во дел II во износ од 27.000.000 денари од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. објавена во Сл.весник на РСМакедонија бр.28 од 10.02.2025 год. ќе се користат за следните работи/мерки:

1. Пошумување на голини и ерозивни земјишта

1.1 Пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост, извршител на работите ќе биде ЈП „Национални шуми“ на површина од 23,00 ха во вкупен износ од 2.741.600 ден. или 119.200 ден. по ха,

1.2 Пошумување на голини и ерозивни земјишта во приватна сопственост, извршители на работите ќе бидат сопственици на шуми во приватна сопственост на површина од 10,00 ха во вкупен износ од 1.192.200 ден. или 119.200 ден. по ха.

Пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници во државна сопственост од точка 1 потточка 1.1 од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми, а пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници во приватна сопственост од точка 1 потточка 1.2, ќе се врши на локации кои се поголеми 0,50ха и се во приватна сопственост.

2. Отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова

Отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова, извршител на работите ќе биде ЈП„Национални шуми“ на површина од 117,00 ха во вкупен износ од 16.679.520 ден. или 142.560 ден. по ха. Отстранувања на последиците од шумски пожари ќе се врши на површини над 50ха во рамки на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 и точка 2 од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., извршителите на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за секоја работа посебна оперативно-стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот (Шумско стопанска единица или КП и КО) и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на

работите и други важни податоци. За секоја шумско стопанска единица или КО се поднесува посебна оперативно-стручна програма;

3. Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) извршител на работите ќе биде Факултет за шумарски науки, за реализација на оваа мерка од Програмата предвидени се средства во износ од 1.386.880 денари.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) од точка 3 од Програмата, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија. Факултетот за шумарски науки до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2025 год., со предлог мерки за понатамошно делување.

4. Неизмирени обврски согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година за отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова од точка 4 од Дел 3 од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. (Сл.весник на РСМакедонија бр.28/25), средства во вкупен износ 5.000.000 денари, или 100.000 денари по ха, ќе се исплатат на ЈП „Национални шуми“ како извршител на работите, врз основа на склучениот Договор согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година и Записник за извршени работи доставен од државен инспектор за шумарство.

-Дел IV: Исплатата на средствата за реализација на работите од Дел III од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 од Дел 3 од Програмата за проширена репродукција за 2025 год, за вршење на терenski увиди на локалитети на цела територија на РСМакедонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им се исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорот. Во случај на

неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на РСМакедонија на начин утврден во договорот.

Врз основа на член 96 од Законот за шумите („Сл.весник на Р.Македонија" бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16 и „Сл.весник на РСМакедонија" бр.274/22, 255/24 и 59/25), Владата на РСМакедонија, на седницата, одржана на 27 мај 2025 год. донесе Програма за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., која е објавена во Сл.весник на РСМакедонија бр.109 од 30.05.2025 год.

-Дел I: во Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. (Сл.весник на РСМакедонија бр.28/25) делот III се менува и гласи „Средствата од дел II од оваа програма во износ од 27.000.000денари ќе се користат за следните работи/мерки:

1. Отстранувањa на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со:

**1.1.** Пошумување со садници, извршител на работите ќе биде ЈП„Национални шуми" на површина од 51,00 ха во вкупен износ од 7.270.560 ден. или 142.560 ден. по ха.

**1.2.** Пошумување со семе (подсејување), извршител на работите ќе биде ЈП Национални шуми на површина од 183,00 ха во вкупен износ од 12.962.988 ден. или 70.836 ден. по ха.

Отстранувања на последиците од шумски пожари од точка 1 од Дел I од Програма за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., ќе се врши на површини над 50ха во рамки на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници или со семе (подсејување).

За реализација на мерките од точката 1 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., извршителот на работите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува посебна оперативно-стручна програма за секоја шумскостопанска единица или КО, во која се наведува оддел/пододдел или локалитет (КО/КП), површина (ха), стопанска класа, податоци за настаната штета (целосно, делумно), опожарена површина (ха), санирање (состојба со чистење на површините од опожарена дрвна маса), услови за месторастење, обемот и видот на работата, техниката, листа на видови за пошумување (садници/семе), времето на реализација на работите и други важни податоци.

2. Превентивна заштита на шумите и шумските култури преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба)

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба), извршител на работите ќе биде Факултет за шумарски науки, за реализација на оваа мерка од Програмата предвидени се средства во износ од 1.704.452 денари.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници преку организирана Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) од точка 2 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои може да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија. Факултетот за шумарски науки до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе достави прелиминарен Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2025 год. до 5 декември 2025 год. и финален Извештај за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2025 год. со предлог мерки за понатамошно делување до 31 јануари 2026 год.

3. Неизмирени обврски согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година за отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова од точка 3 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., средствата во вкупен износ 5.000.000 денари, или 100.000 денари по ха, ќе се исплатат на ЈП „Национални шуми“ како извршител на работите, врз основа на склучениот Договор согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година и записник за извршени работи доставен од државен инспектор за шумарство.

4. Промотивна кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари од точка 4 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., извршител на работите ќе биде Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за реализација на оваа мерка од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. предвидени се средства во износ 62.000 денари. Промотивната кампања за подигање на јавната свест за превентивна заштита на шумите од пожари од точка 4 од Дел I од Програмата за изменување на програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год.,

ќе се врши преку објавување и печатење на инструкции, протоколи, планови, материјали за обука, насоки и други материјали од областа на управувањето со пожари на отворен простор, како и со техничко одржување и хостирање на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на јавната свест за заштита на шумите од пожари."

-Дел II: во делот IV во ставот 1 зборовите „дел III од оваа програма" се заменуваат со зборовите „дел III точките 1, 2 и 3 од оваа програма" и во ставот 2 зборовите „точка 3" се заменуваат со зборовите „точка 2"

ЈП„Национални шуми" во првото полугодие од 2025 година оствари приход во вкупен износ од 5.000.000 денари, како неизмирени обврски, согласно Програмата за Проширена репродукција на шумите за 2024 година за отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова, како и точка 3 од Дел I од Програмата за изменување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год., (Сл.весник на РСМ 28/25 и 109/25). (Табела 9а, стр.36)

Во извештајниот период ЈП„Национални шуми" како извршител на работите согласно склучениот договор од Програмата за проширена репродукција на шуми за 2025 год. со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (бр.48-7805/1 од 04.06.2025год.) и наш бр.03-14/161 од 03.06.2025год., за отстранување на последиците од шумски пожари на површина над 50ха во рамките на една ШСЕ во државна сопственост, преку вештачка обнова со пошумување: со садници и пошумување со семе (подсејување), работата во целост е реализирана, при што е остварен приход од 12.884.541денар, односно вкупен приход од 17.884.541денар за 2025година. Преостанатите неизмирени обврски за извршените работи во износ од 5.932.287денари ќе бидат исплатени во текот на 2026год., согласно Програмата за проширена репродукција (С.весник на РСМ бр.29/26). (Табела 9а, стр.36)

Од табеларниот преглед за произведен саден материјал во 2025 год. може да се констатира дека се произведени вкупно 1.602.038 броја садници од сите возрасти на ниво на Јавно претпријатие, од кои 409.108 броја садници се класично и 1.192.930 броја се контејнерско производство. (стр.37,38)

Пошумувањата предвидени според Посебните планови за стопанисување со шуми се реализираат во неколку фази според предвидената динамика, обработка на почвата (механизирана или рачна обработка на почвата, а во зависност од теренските услови). Изборот на дрвните видови за пошумување на предвидените површини е според едафско-климатските и педолошки услови, адаптибилни за успешна прифатеност и понатамошен развиток на садниците. Во зависност од надморската височина и географската местоположба на локалитетите се пошумува со дрвни видови кои се адекватни во согласност со педолошката структура на почвените и климатските услови.

Во извештајниот период во однос на пошумувањето Јавното претпријатие Национални шуми имаше голема поддршка и вклученост на голем број општествено одговорни компании и институции, кои активно се вклучија во пошумувањата согласно проста и проширена репродукција на шуми, за зголемување на зелените површини. Сите овие компании дадоа свој придонес при извршување на активностите за зголемување на зелените површини, со донација на садници, подготовка на површините за пошумување, логистичка поддршка, техничка помош, како и вклученост со свои вработени во самото пошумување.
Сите заедно да пошумуваме, заедно да ги чуваме и унапредуваме шумите, за нас, за нашите деца, за нашата заедничка иднина.

Во однос на потребата на пазарна валоризација на сите шумски ресурси и за целосно искористување на сите можности кои ги дава шумата, особено во поглед на искористувањето на другите шумски производи, се наметнува потребата од производство и собирање на лековити и ароматични растенија, со што шумите и шумските подрачја би биле поквалитетно вреднувани. Од продажба на други шумски производи и од дозволи во 2025 год. остварен е приход во износ од 597.760денари.

Капацитетот на погонот за хидродестилација во подружницата ШС„Малешево“-Берово, според техничко-технолошките можности се движи од 7.000 до 10.000 кгр. етерични масла, во зависност од суровината која се преработува. Во текот на деловната 2025 год. погонот Хидродестилара нема остварено приход од продажба на етерично масло од сина смрека.

Табела 10а

РЕКАПИТУЛАР - НА НИВО НА ЈП ЗА 2025 ГОД.

| | ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за 2025 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број и причинета штета | Број на пожари | 1 | 4 | 44 | 3 | 0 | 2 | 55 | 42 | 25 | 2 | 0 | 0 | 178 |
| | Опожарена површина - ха | 4,00 | 40,20 | 450,20 | 8,00 | 0,00 | 392,70 | 11.655,64 | 3.331,34 | 1.728,13 | 21,50 | 0,00 | 0,00 | 17.631,71 |
| | Опожарена дрвна маса - м$^3$ | 0,00 | 15,50 | 3.519,00 | 32,00 | 0,00 | 7.291,00 | 157.013,00 | 92.821,00 | 22.239,50 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 282.931,00 |
| | Причинета штета - денари | 0 | 108.500 | 25.459.422 | 224.000 | 0 | 51.037.000 | 1.410.908.900 | 1.456.513.887 | 137.587.380 | 0 | 0 | 0 | 3.081.839.089 |
| Гасење | Учество во гасење (1+2) | 4 | 43 | 444 | 11 | 0 | 24 | 3.090 | 1.981 | 714 | 17 | 0 | 0 | 6.328 |
| | 1. Од ЈПНШ | 2 | 23 | 232 | 7 | 0 | 20 | 691 | 489 | 276 | 8 | 0 | 0 | 1.748 |
| | 2. Од други субјекти | 2 | 20 | 212 | 4 | 0 | 4 | 2.399 | 1.492 | 438 | 9 | 0 | 0 | 4.580 |
| Трошоци за гасење (ден.) | Вкупно трошоци за гасење на пожарот | 8.236,00 | 50.396,00 | 622.336,00 | 14.570,00 | 0,00 | 64.966,00 | 3.144.937,00 | 5.038.943,00 | 1.402.626,00 | 8.800,00 | 0,00 | 0,00 | 10.355.810,00 |
| | Трошоци за дневници | 4.236,00 | 40.400,00 | 466.864,00 | 9.350,00 | 0,00 | 52.456,00 | 1.993.223,00 | 2.555.343,00 | 1.072.553,00 | 8.800,00 | 0,00 | 0,00 | 6.203.225,00 |
| | Трошоци за гориво и мазиво | 2.500,00 | 5.496,00 | 107.895,00 | 1.950,00 | 0,00 | 12.510,00 | 650.308,00 | 1.654.285,00 | 164.754,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.599.698,00 |
| | Трошоци за средства за гасење | 1.000,00 | 3.000,00 | 10.400,00 | 3.000,00 | 0,00 | 0,00 | 94.300,00 | 511.000,00 | 37.120,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 659.820,00 |
| | Трошоци за храна за екипата за гасење | 500,00 | 0,00 | 22.687,00 | 270,00 | 0,00 | 0,00 | 226.636,00 | 308.115,00 | 113.899,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 672.107,00 |
| | Останати трошоци | 0,00 | 1.500,00 | 14.490,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 180.470,00 | 10.200,00 | 14.300,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 220.960,00 |

**Напомена :** Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.3. ПРЕГЛЕД НА ШУМСКИ ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА НА НИВО НА ЈП ЗА 2025 ГОД.

Табела 10б

ВКУПНО НАСТАНАТИ ПОЖАРИ, ВИД НА ШУМА, ПОВРШИНА И ДРВНА МАСА ОПФАТЕНА СО ПОЖАРОТ И ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА НИВО НА ЈП ЗА 2025 ГОД.

| ЕЛЕМЕНТИ | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | Вкупно за 2025 год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БРОЈ НА ПОЖАРИ ПО ВИД НА ШУМА, ОПОЖАРЕНА ДРВНА МАСА И ПРИЧИНЕТА ШТЕТА ОД ПОЖАРОТ** | | | | | | | | | | | | | |
| **1. ШУМА ОД ИГЛОЛИСНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| Опожарена површина - ха | 0,00 | 2,00 | 22,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 159,60 | 6,00 | 6,10 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 195,70 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 1,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.120,00 | 356,00 | 852,50 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.329,50 |
| Причинета штета - денари | 0 | 7.000 | 824.822 | 0 | 0 | 0 | 19.400.000 | 5.804.000 | 5.967.500 | 0 | 0 | 0 | 32.003.322 |
| **2. ШУМА ОД ЛИСЈАРСКИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 0 | 3 | 15 | 1 | 0 | 1 | 24 | 14 | 9 | 1 | 0 | 0 | 68 |
| Опожарена површина - ха | 0,00 | 38,20 | 123,80 | 1,00 | 0,00 | 10,00 | 6.848,29 | 1.183,07 | 364,35 | 20,00 | 0,00 | 0,00 | 8.588,71 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 14,50 | 3.519,00 | 32,00 | 0,00 | 0,00 | 106.231,40 | 88.818,00 | 17.345,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 215.959,90 |
| Причинета штета - денари | 0 | 101.500 | 24.634.600 | 224.000 | 0 | 0 | 643.655.300 | 1.360.031.217 | 70.789.880 | 0 | 0 | 0 | 2.099.436.497 |
| **3. ШУМА ОД МЕШАНИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 3 | 4 | 0 | 0 | 0 | 17 |
| Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 382,70 | 2.088,20 | 1.684,50 | 1.173,05 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 5.328,45 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.291,00 | 49.661,60 | 3.647,00 | 4.042,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 64.641,60 |
| Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 51.037.000 | 747.853.600 | 90.678.670 | 60.830.000 | 0 | 0 | 0 | 950.399.270 |
| **4. ШУМА ОД ОСТАНАТИ ВИДОВИ** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Опожарена површина - ха | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **5. ПРИЗЕМНА ВЕГЕТАЦИЈА (трева, разни грмушки и тн.)** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 1 | 0 | 28 | 2 | 0 | 0 | 19 | 23 | 10 | 1 | 0 | 0 | 84 |
| Опожарена површина - ха | 4,00 | 0,00 | 304,40 | 7,00 | 0,00 | 0,00 | 2.559,55 | 457,77 | 184,63 | 1,50 | 0,00 | 0,00 | 3.518,85 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Причинета штета - денари | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | | | | | | | | | | | | | |
| Број на пожари | 1 | 4 | 44 | 3 | 0 | 2 | 55 | 42 | 25 | 2 | 0 | 0 | 178 |
| Опожарена површина - ха | 4,00 | 40,20 | 450,20 | 8,00 | 0,00 | 392,70 | 11.655,64 | 3.331,34 | 1.728,13 | 21,50 | 0,00 | 0,00 | 17.631,71 |
| Опожарена дрвна маса - м³ | 0,00 | 15,50 | 3.519,00 | 32,00 | 0,00 | 7.291,00 | 157.013,00 | 92.821,00 | 22.239,50 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 282.931,00 |
| Причинета штета - денари | 0 | 108.500 | 25.459.422 | 224.000 | 0 | 51.037.000 | 1.410.908.900 | 1.456.513.887 | 137.587.380 | 0 | 0 | 0 | 3.081.839.089 |
| **ГАСНЕЊЕ** | | | | | | | | | | | | | |
| УЧЕСНИЦИ ВО ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (1+2) | 4 | 43 | 444 | 11 | 0 | 24 | 3090 | 1.981 | 714 | 17 | 0 | 0 | 6.328 |
| 1. Од ЈПНШ | 2 | 23 | 232 | 7 | 0 | 20 | 691 | 489 | 276 | 8 | 0 | 0 | 1.748 |
| 2. Други субјекти | 2 | 20 | 212 | 4 | 0 | 4 | 2.399 | 1.492 | 438 | 9 | 0 | 0 | 4.580 |
| **ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ - денари -** | | | | | | | | | | | | | |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРОТ (од 1 до 5) | 8.236,00 | 50.396,00 | 622.336,00 | 14.570,00 | 0,00 | 64.966,00 | 3.144.937,00 | 5.038.943,00 | 1.402.626,00 | 8.800,00 | 0,00 | 0,00 | 10.355.810,00 |
| 1. Трош. за дневници | 4.236,00 | 40.400,00 | 466.864,00 | 9.350,00 | 0,00 | 52.456,00 | 1.993.223,00 | 2.555.343,00 | 1.072.553,00 | 8.800,00 | 0,00 | 0,00 | 6.203.225,00 |
| 2. Трошоци за гориво и мазиво | 2.500,00 | 5.496,00 | 107.895,00 | 1.950,00 | 0,00 | 12.510,00 | 650.308,00 | 1.654.285,00 | 164.754,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.599.698,00 |
| 3. Трошоци за средства за гасење | 1.000,00 | 3.000,00 | 10.400,00 | 3.000,00 | 0,00 | 0,00 | 94.300,00 | 511.000,00 | 37.120,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 659.820,00 |
| 4. Тр. за храна за екипата за гасење | 500,00 | 0,00 | 22.687,00 | 270,00 | 0,00 | 0,00 | 226.636,00 | 308.115,00 | 113.899,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 672.107,00 |
| 5. Останати трошоци | 0,00 | 1.500,00 | 14.490,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 180.470,00 | 10.200,00 | 14.300,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 220.960,00 |

**Напомена :** Податоците се земени од статистичките листови на MKFFIS-системот и од месечните електронски извештаи кои ги внесуваат подружниците

## 5.4. Извештај за активноста на шумочуварската служба во 2025 год.

Табела 10 в

| Реден број | Подружница | вкупно реони | површина на реони | вк.шумочувари | присуство на терен | води сл.книга | нарушувања од познат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | бесправно посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | | | | | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | ха | бр. | бр. | ден. | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16=12+14 | 17=13+15 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| 1 | Малешево-Берово | 9 | 26.420,60 | 6 | 684 | 1.857 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 5 | 12.370,00 | 4 | 579 | 169 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 8 | 27.724,90 | 5 | 1.086 | 1.086 | 2 | 23,51 | 49.955,00 | 164.570,00 | 0 | 0,00 | 2 | 4,20 | 2 | 4,20 | 8.210,00 | 29.400,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 6 | 29.086,34 | 2 | 350 | 522 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 3,85 | 2 | 3,85 | 8.639,40 | 26.950,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 8 | 31.049,92 | 3 | 566 | 566 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Серта-Штип | 4 | 15.665,00 | 1 | 243 | 243 | 2 | 1,40 | 2.618,00 | 12.600,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 13 | 48.926,00 | 6 | 1.359 | 1.224 | 48 | 51,52 | 85.510,00 | 360.640,00 | 3 | 2,00 | 21 | 38,22 | 24 | 40,22 | 71.489,00 | 287.540,00 | 12 | 0 |
| 8 | Плачковица-Виница | 7 | 27.501,00 | 3 | 678 | 678 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 20 | 40.001,50 | 13 | 2.327 | 547 | 37 | 32,60 | 100.463,00 | 234.500,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 13 | 2 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 8 | 26.094,10 | 3 | 660 | 660 | 1 | 3,50 | 0,00 | 24.500,00 | 0 | 0,00 | 1 | 3,50 | 1 | 3,50 | 0,00 | 24.500,00 | 0 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 17 | 50.925,50 | 5 | 899 | 899 | 6 | 5,70 | 26.349,00 | 36.750,00 | 2 | 1,50 | 2 | 4,20 | 4 | 5,70 | 26.349,00 | 36.750,00 | 0 | 0 |
| 12 | Д.Капија-Д.Капија | 6 | 38.085,67 | 0 | 9 | 10 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 11 | 13,50 | 11 | 13,50 | 46.010,50 | 122.274,00 | 12 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 15 | 58.503,05 | 7 | 1.336 | 1.336 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 12 | 41.689,18 | 4 | 468 | 468 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 12 | 57.425,00 | 7 | 978 | 2.047 | 2 | 26,20 | 58.750,00 | 183.400,00 | 0 | 0,00 | 1 | 3,60 | 1 | 3,60 | 8.100,00 | 25.200,00 | 0 | 1 |
| 16 | Шумарство-С.Николе | 4 | 76.265,00 | 2 | 500 | 506 | 1 | 2,30 | 4.885,00 | 13.800,00 | 1 | 2,30 | 4 | 3,60 | 5 | 5,90 | 17.300,00 | 36.100,00 | 2 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 12 | 42.305,31 | 6 | 1.153 | 1.153 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 12 | 28.741,30 | 10 | 2.509 | 2.509 | 7 | 3,60 | 7.712,60 | 25.200,00 | 4 | 2,20 | 0 | 0,00 | 4 | 2,20 | 4.878,00 | 15.400,00 | 6 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 4 | 16.054,61 | 2 | 494 | 730 | 19 | 12,80 | 33.961,00 | 90.300,00 | 0 | 0,00 | 4 | 3,20 | 4 | 3,20 | 8.474,00 | 22.400,00 | 11 | 0 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 9 | 22.262,50 | 4 | 287 | 287 | 1 | 2,10 | 0,00 | 0,00 | 1 | 2,10 | 1 | 0,35 | 2 | 2,45 | 11.172,00 | 17.150,00 | 1 | 1 |
| 21 | Галичица-Охрид | 14 | 38.679,96 | 7 | 935 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 22 | Јабланица-Струга | 4 | 18.890,98 | 4 | 942 | 942 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 8 | 12.871,02 | 4 | 1.054 | 977 | 13 | 5,75 | 51.319,80 | 40.250,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 22 | 42.096,50 | 14 | 4.786 | 4.806 | 21 | 21,30 | 50.694,20 | 149.100,00 | 13 | 8,00 | 0 | 0,00 | 13 | 8,00 | 19.071,60 | 56.000,00 | 22 | 2 |
| 25 | Сандански-М.брод | 10 | 61.278,42 | 4 | 759 | 1.322 | 1 | 3,50 | 7.854,00 | 24.500,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 26 | Шар-Гостивар | 13 | 21.675,69 | 8 | 1.790 | 1.810 | 1 | 2,59 | 5.503,00 | 23.319,00 | 0 | 0,00 | 1 | 1,00 | 1 | 1,00 | 3.744,00 | 9.000,00 | 1 | 0 |
| 27 | Лешница-Тетово | 4 | 16.376,00 | 4 | 1.157 | 1.157 | 1 | 1,10 | 0,00 | 0,00 | 2 | 2,10 | 0 | 0,00 | 2 | 2,10 | 3.864,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 28 | Караџица-Скопје | 20 | 62.931,01 | 7 | 905 | 223 | 16 | 11,60 | 13.414,20 | 81.200,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11 | 4 |
| 29 | Куманово-Куманово | 10 | 22.802,20 | 7 | 320 | 1.234 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 6 | 34.021,22 | 5 | 389 | 247 | 3 | 10,00 | 23.068,00 | 71.500,00 | 6 | 10,10 | 7 | 13,29 | 13 | 23,39 | 47.322,00 | 146.730,00 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 302 | 1.048.719,48 | 157 | 30.202 | 30.215 | 182 | 221,07 | 522.056,80 | 1.536.129,00 | 32 | 30,30 | 57 | 92,51 | 89 | 122,81 | 284.623,50 | 855.394,00 | 91 | 10 |



Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

## 5.5. Извештај за нарушувања од непознат сторител во 2025 год.

Табела 10г

| Реден број | Подружница | нарушувања од непознат сторител | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | беспрваво посечена дрвна маса | | | | одземена дрвна маса | | | | | | | | поднесени пријави | |
| | | број на настани | количина | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | од ЈПНШ | | од останати | | вкупно | | вредност по комерцијален ценовник | штета по оштетен ценовник | прекршочни | кривични |
| | назив | бр. | м3 | денари | денари | бр. | м3 | бр. | м3 | бр. | м3 | денари | денари | бр. | бр. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11=7+9 | 12=8+10 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Малешево-Берово | 24 | 686,30 | 1.026.099,19 | 10.377.161,50 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 2 | Равна река-Пехчево | 28 | 176,17 | 528.829,00 | 3.957.235,00 | 5 | 46,10 | 2 | 9,00 | 7 | 55,10 | 146.531,00 | 536.450,00 | 0 | 0 |
| 3 | Осогово-Кр.Паланка | 13 | 33,24 | 53.835,35 | 236.341,00 | 0 | 0,00 | 5 | 20,60 | 5 | 20,60 | 42.962,60 | 147.868,00 | 0 | 0 |
| 4 | Кратово-Кратово | 7 | 103,33 | 209.835,02 | 723.331,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 5 | Осогово-Кочани | 82 | 284,72 | 543.470,20 | 1.462.230,00 | 6 | 53,00 | 0 | 0,00 | 6 | 53,00 | 99.306,00 | 242.200,00 | 0 | 0 |
| 6 | Серта-Штип | 15 | 20,60 | 37.628,50 | 124.625,00 | 0 | 0,00 | 19 | 24,60 | 19 | 24,60 | 49.710,50 | 156.825,00 | 0 | 0 |
| 7 | Плачковица-Радовиш | 39 | 236,35 | 410.908,00 | 1.930.370,00 | 0 | 0,00 | 27 | 44,45 | 27 | 44,45 | 79.411,00 | 328.400,00 | 0 | 0 |
| 8 | Плачковица-Виница | 21 | 185,06 | 401.535,00 | 1.358.564,00 | 3 | 2,80 | 1 | 0,70 | 4 | 3,50 | 7.476,00 | 24.500,00 | 0 | 0 |
| 9 | Беласица-Струмица | 24 | 2.104,38 | 8.126.358,40 | 18.529.658,00 | 1 | 15,90 | 0 | 0,00 | 1 | 15,90 | 152.250,00 | 116.200,00 | 0 | 14 |
| 10 | Саланџак-Валандово | 1 | 3,50 | 8.125,00 | 24.500,00 | 0 | 0,00 | 5 | 10,70 | 5 | 10,70 | 37.631,00 | 94.500,00 | 0 | 0 |
| 11 | Кожуф-Гевгелија | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 12 | Д,Капија-Д.Капија | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 13 | Бор-Кавадарци | 17 | 17,86 | 21.840,00 | 87.360,00 | 0 | 0,00 | 17 | 17,86 | 17 | 17,86 | 21.840,00 | 87.360,00 | 0 | 0 |
| 14 | Црн бор-Прилеп | 61 | 356,21 | 797.022,00 | 2.668.500,00 | 0 | 0,00 | 211 | 260,99 | 211 | 260,99 | 585.664,00 | 1 833.930,00 | 0 | 0 |
| 15 | Бабуна-Велес | 24 | 174,30 | 403.345,00 | 1.236.350,00 | 0 | 0,00 | 16 | 52,80 | 16 | 52,80 | 117.475,00 | 306.600,00 | 0 | 0 |
| 16 | Шумарство-Св.Николе | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 17 | Кајмакчалан-Битола | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 18 | Бигла-Д.Хисар | 178 | 285,80 | 558.804,00 | 2.000.600,00 | 3 | 15,90 | 2 | 3,85 | 5 | 19,75 | 43.204,60 | 138.250,00 | 0 | 0 |
| 19 | Липа-Крушево | 116 | 585,43 | 1.606.785,00 | 4.362.820,00 | 1 | 0,40 | 4 | 6,20 | 5 | 6,60 | 17.477,00 | 46.200,00 | 0 | 0 |
| 20 | Преспадрво-Ресен | 11 | 23,88 | 108.892,80 | 167.160,00 | 6 | 17,73 | 2 | 8,25 | 8 | 25,98 | 118.468,80 | 181.860,00 | 0 | 0 |
| 21 | Галичица-Охрид | 6 | 153,98 | 513.751,00 | 795.900,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 35.101,00 | 53.900,00 | 0 | 2 |
| 22 | Јабланица-Струга | 20 | 1.552,00 | 3.263.513,00 | 10.864.000,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 23 | Стогово-Дебар | 2 | 27,89 | 955.953,00 | 41.573,00 | 1 | 3,50 | 0 | 0,00 | 1 | 3,50 | 13.524,00 | 24.500,00 | 0 | 0 |
| 24 | Лопушник-Кичево | 89 | 475,70 | 1.101.537,60 | 3.329.900,00 | 18 | 87,70 | 0 | 0,00 | 18 | 87,70 | 188.906,80 | 613.900,00 | 0 | 0 |
| 25 | Сандански-М.брод | 12 | 25,04 | 56.914,68 | 163.230,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 26 | Шар-Гостивар | 16 | 69,43 | 155.730,00 | 905.391,00 | 1 | 1,00 | 2 | 6,50 | 3 | 7,50 | 26.856,00 | 72.000,00 | 0 | 2 |
| 27 | Лешница-Тетово | 1 | 0,10 | 0,00 | 0,00 | 1 | 0,10 | 0 | 0,00 | 1 | 0,10 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 28 | Карацица-Скопје | 892 | 8.859,10 | 0,00 | 62.014.400,00 | 12 | 10,90 | 36 | 123,70 | 48 | 134,60 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0 |
| 29 | Куманово-Куманово | 2 | 123,16 | 197.343,60 | 358.050,00 | 10 | 17,90 | 6 | 28,00 | 16 | 45,90 | 168.372,00 | 315.000,00 | 0 | 0 |
| 30 | Голак-Делчево | 8 | 93,90 | 265.751,00 | 2 034.000,00 | 10 | 55,80 | 6 | 4,55 | 16 | 60,35 | 137.768,00 | 1 258.750,00 | 0 | 0 |
| Вкупно | | 1.709 | 16.657,43 | 21.353.806,34 | 129.753.249,50 | 78 | 328,73 | 361 | 622,75 | 439 | 951,48 | 2.089.935,30 | 6.579.193,00 | 0 | 18 |



Извор на податоци: Сектор за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола

# 5.6. Коментар

Заштитата на шумите е систем на мерки и активности кои се спроведуваат со цел да се обезбеди опстанок на шумите, зачувување на здравствената состојба и виталност на шумите од противправно присвојување и користење, пожари, растителни болести и штетници, бесправни сечи, противправно собирање на други шумски производи и други оштетувања.

За заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници се утврдуваат средства преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. (Сл. весник на РСМакедонија бр.28/25 и 109/25).

Активностите беа во насока на превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници, кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозна служба (ИДП служба) за шумите во РСМакедонија. Шумарскиот факултет - Скопје, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставува прелиминарен извештај до 5 декември 2025 год. и финален извештај до 31 јануари 2026 год за здравствената состојба на шумите во РСМакедонија за 2025год., со предлог мерки за понатамошно делување. За оваа намена се обезбедуваат финансиски средства од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство преку Програмата за проширена репродукција на шумите за 2025 год. (Сл.весник на РСМ 28/25 и 109/25) во износ од 1.704.452 денари.

Од аспект на заштита на шумите, а со оглед на нашите климатски услови, како најголем произлегува проблемот со заштита на шумите од пожари кои како деструктивен елемент се сметаат за елементарна непогода со која на шумскиот фонд му се нанесуваат повеќекратни штети.

Согласно податоците кои се прибираат во текот на годината, а истите се добиени од: Електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците и електронските Месечни извештаи за реализирани активности на шумочуварската служба доставени до Секторот за заштита на шуми, надзор и внатрешна контрола, евидентирани се 178 пожари во текот на 2025 година, со вкупно опожарена површина од 17.631,71 ха, а опожарена дрвна маса е 282.931,00 $м^3$ при што е причинета штета од 3.081.839.089 ден. Вкупните трошоци за гаснење на пожарите изнесуваат 10.355.810 денари. Во гаснењето на сите 178 пожари учествувале 6.328 гасначи во екот на пожарите, од кои 1.748 се вработени во ЈПНШ, а 4.580 се гасначи од други субјекти. (Табела 10, 10а и 10б, стр.46, 47, 48 и 49)

Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола ја анализира и прикажува состојбата со настанатите шумски пожари во три категории:

- Според место на настанување на пожарот;
- Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот;
- Според видот на опожарената шума;

1. Според место на настанување на пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 42 пожари се настанати вон шума и завршиле вон шума при што е опожарена површина од 2.039,84ха, со опожарена дрвна маса од 88.131м3, причинета е штета од 1.355.256.117ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 4.691.578ден. Во гаснењето учествувале 581 гаснач, од кои 304 вработени во ЈПНШ, а 277 гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.46)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 56 пожари се настанати вон шума и навлегле во шума при што е опожарена површина од 4.495,55ха, со опожарена дрвна маса од 44.278,50$м^3$, причинета штета од 381.320.380ден., а трошоците кои се направени за гаснење изнесуваат 1.657.780ден. Во гаснењето учествувале 3.039 гасначи, од кои 502 вработени во ЈПНШ, а 2.537 гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.46)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 80 пожари се настанати во шума и завршиле во шума при што е опожарена површина од 11.096,32ха, со опожарена дрвна маса 150.521,50$м^3$, причинета штета од 1.345.262.592ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 4.006.452ден. Во гаснењето учествувале 2.708 гасначи, од кои 942 вработени во ЈПНШ, а 1.766 гасначи од други субјекти.(Табела 10 стр.46)

2. Според количина на дрвна маса изгорена во пожарот

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 96 пожари се без опожарена дрвна маса, а при тоа била опожарена површина од 3.618,45ха, причинета штета од 824.822 ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 1.582.848ден. Во гаснењето на пожарите учествувале 1.506 гасначи, од кои 648 вработени во ЈПНШ, а 858 гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.47,48)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 14 пожари се со опожарена дрвна маса до 10$м^3$, а при тоа била опожарена површина од 158,90ха, со вкупно опожарена дрвна маса 99,50$м^3$, причинета штета од 662.600ден, а трошоците за гаснење изнесуваат 210.917ден. Во гасењето на пожарите учествувале 248 гасначи, од кои 77 вработени во ЈПНШ, а 171 гаснач од други субјекти.(Табела 10а стр.47,48)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 25 пожари се со опожарена дрвна маса до 100м$^3$, а при тоа била опожарена површина од 1.631,61ха, со вкупно опожарена дрвна маса 1.064,00м$^3$, причинета штета од 7.448.600ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 612.889ден. Во гаснењето на пожарите учествувале 1.054 гасначи, од кои 235 вработени во ЈПНШ, а 819 гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.47,48)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 43 пожари се со опожарена дрвна маса над 100м$^3$, а при тоа била опожарена површина од 12.222,75ха, со опожарена дрвна маса 281.767,50м$^3$, причинета штета од 3.072.903.067ден., а трошоците за гаснење изнесуваат 7.949.156ден. Во гаснењето на пожарите учествувале 3.520 гасначи, од кои 788 вработени во ЈПНШ, а 2.732 гасначи од други субјекти.(Табела 10а стр.47,48)

3. Според видот на опожарената шума

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 9 пожари се во опожарена шума од иглолисни видови, а била опожарена површина од 195,70ха, со опожарена дрвна маса 2.329,50м$^3$ и причинета е штета од 32.003.322ден.(Табела 10б стр.49)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 68 пожари се во опожарена шума од лисјарски видови, а била опожарена површина од 8.588,71ха, со опожарена дрвна маса 215.959,90м$^3$ и причинета е штета од 2.099.436.497ден.(Табела 10б стр.49)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 17 пожари се во опожарена шума од мешани видови, а била опожарена површина од 5.328,45ха, со опожарена дрвна маса од 64.641,60м$^3$ и причинета е штета од 950.399.270ден.(Табела 10б стр.49)

✓ Од вкупниот број на пожари (178), 84 пожари се со опожарена приземна вегетација (трева, разни грмушки), а била опожарена површина од 3.518,85ха.(Табела 10б стр.49)

Од анализата на податоците за настанатите пожари во 2025 год. и 2024 год., може да се акцентира следново:

- Во периодот од 01.01.-31.12.2025 год. има вкупно 178 пожари, додека во истиот период 2024 год. имало вкупно 250 пожари;
- Вкупно опожарена површина во периодот од 01.01.-31.12.2025 год. е 17.631,71ха, додека во истиот период 2024 год. вкупно опожарена површина е 61.061,03ха;

- Вкупно опожарената дрвна маса во периодот од 01.01.-31.12.2025 год. изнесува 282.931,00м3, додека во истиот период 2024 год. вкупно опожарена дрвна маса изнесува од 635.005,15м3;
- Во периодот од 01.01.-31.12.2025 год. од настанатите пожари, има причинета штета во износ од 3.081.839.089 ден., додека во истиот период 2024 год. причинетата штета е во износ од 5.111.962.381 ден.;
- Во периодот од 01.01.-31.12.2025 год. направени се трошоци за гаснење во износ од 10.355.810ден., а во споредба со истиот период 2024 год. направените трошоци за гаснење се во износ од 10.132.068ден.

По подружници беше испратен налог да ги ажурираат плановите за 2025 година и во нив да го применат член 34, став 2 од Законот за пожарникарство во кој се вели: "Кога во гаснењето на пожари во шума и други отворени простори покрај силите од став (1), на овој член се вклучени и вработените во правното лице, кое стопанисува со опожарените површини, со гаснењето на пожарот раководи одговорно лице согласно со неговиот план за заштита од пожари". Овој налог во целост е спроведен.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31 октомври 2014 година), поради подобрување на мониторингот над шумските пожари, превентива, фактори и причинители, видот и големината на пожарот, учесниците во гаснењето и трошоците за гаснење, предизвиканите штети, во органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството се воспостави и води Единствен информативен систем и регистар за шумските пожари. Субјектите кои стопанисуваат со шумите се должни да ги собираат податоците за шумските пожари и најдоцна во рок од осум дена од денот на избувнувањето на пожарот за тоа да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството собраните податоци треба да ги достави на домашните и меѓународните тела и институции на нивно барање. Следењето на настанатите пожари е преку електронскиот систем MKFFIS, преку статистичките листови кои ги доставуваат подружниците.

ЈП„Национални шуми“ со својата активност целосно е вклучено во воспоставувањето на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски пожари, во консултација со домашни и странски експерти, а која се темели на елементи на ризик од шумски пожари и алатки за процена на ризикот. Со посебно софтверско решение изработено по принципите на Методологијата за мониторинг и процена на веројатност за ризик од шумски

пожари се утврдува дневната опасност за појава на шумски пожари, како и следење на однесувањето на отпочнатите шумски пожари.

Високите температури кои ја зафатија територијата на нашата држава, носеа зголемена опасност од настанување на пожари на отворен простор и шумски пожари, поради што се апелираше до сите граѓани на зголемена будност и мобилност. Со цел да се спречат несакани последици Јавното претпријатие апелираше да не се пали оган на отворен простор, да не се фрлаат пластични и стаклени шишиња, да не се врши палење на отпад и друг горлив материјал и да не се фрлаат отпушоци од цигари и догорчиња.

Истовремено, доколку се забележи пожар, се апелираше да се пријави на отворената линија 02 155 22, односно 02 2581 080 број на централа на ЈП Национални шуми, или на тел.број 193 на Противпожарна бригада и на тел. 112 во Центарот за управување со кризи.

На 01.07.2025 год. е воведена целосна забрана за движење во шума

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по барање на ЈП Национални шуми – Скопје, согласно член 57, став 3 од Законот за шумите, даде согласност за воведување целосна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 00:00 до 24:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие и истата траеше до 31.08.2025година.

На 02.09.2025 год. повторно е воведена целосна забрана за движење во шума

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по барање на ЈП Национални шуми – Скопје, согласно член 57, став 3 од Законот за шумите, даде согласност за воведување целосна забрана за движење во шумите и шумското земјиште во периодот од 00:00 до 24:00 часот, на територијата со која стопанисува јавното претпријатие, која траеше до 30.09.2025година.

Забраната се воведе со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор.

Целосната забрана за движење во шумите и шумското земјиште не важаше за:

Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Шумската полиција, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Национални шуми, субјектите што вршат шумскокултурни работи за активностите на сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти, припадници на ловочуварската служба и службени лица од корисниците на дивеч во ловиштата кои вршат работи за корисникот на дивеч во ловиштата, како и лица коишто имаат писмено одобрение за движење во шумите со кои управува ЈП„Национални шуми"– Скопје.

Движењето беше дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈПНационални шуми–Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат.
За спроведување на забраната одговорни беа вработените од ЈПНационални шуми кои вршат дејност заштита, Шумската полиција и МВР.
За непочитување на оваа забрана на физичките лица кои ќе бидат затекнати дека се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, беше предвидена парична казна.

Согласно Закон за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Закон за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и 168/17), Закон за шумите (Сл.весник на РМ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16), Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари (Сл.весник на РМ бр.82/15 и 27/18), и согласно Годишниот оперативен план кој го изработуваат подружниците при ЈП, при настанување на шумски пожар ЈП има обврска да даде прв одговор со гасначи и средства за гаснење.

Од тука следува дека ЈП„Национални шуми" има обврска да презема превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од пожари.

Преземени превентивни и подготвителни мерки во текот на 2025 година за заштита од шумски пожари се:

- Подготовка на Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2025год., во текот на месец ноември и декември 2024 год., сите 30 Подружници во состав на Јавното претпријатие, изработија Годишен оперативен план за заштита на шумите од пожари за 2025 година.

Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. ЈП„Национални шуми" преку Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола и шумочуварската служба, заштитува:
- Уредена површина на ниво на ЈПНШ опфатена со ШСЕ 997.357,65 ха*)
- Уредена површина на ниво на ЈПНШ опфатена со ШСЕ обрасната со шума 848.386,17 ха*)

Согласно Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите (Сл.весник на РМ, бр.160 од 31.10.2014год.) во член 81, дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми вршат реонско чување на шумата и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите. „Реонското чување го врши шумочуварска служба во состав на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми" и другите субјекти кои стопанисуваат и управуваат со заштитените подрачја без оглед на нивната намена".

Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да: го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, да известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија да ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите да поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Припадниците на шумочуварската служба за својата работа водат службена книга за бесправните дејствија и за утврдување на фактичката состојба во реонот.

Воведена е електронска евиденција поединечно за секој припадник на шумочуварската служба: име и број на шумочуварски реон со кој е задолжен, лиценца број, легитимација број, телефонски број, чекан за шумска штета број, дозвола за поседување и носење на оружје број, како и следење на промените кои настануваат на шумочуварската служба со доставување на информации во континуитет.

Со цел поефикасно и побрзо прибирање и анализа на податоците кои ги доставуваат подружниците до Секторот за заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, изготвени се нови извештаи кои се испраќаат до Секторот во електронска и пишана форма:

-Извештај за активноста на шумочуварската служба;
-Извештај за нарушувања од познат и непознат сторител;
-Извештај за активности за гаснење на пожари, причинители, преземени мерки;
-Извештај за трошоци и причинети штети од настанати пожари.

Од табеларниот преглед за активностите на шумочуварската служба може да се види дека во 2025 година поднесени се вкупно 101 пријави од кои 10 кривични и 91 прекршочни. Исто така откриени се нарушувања од познат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 122,81м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 221,07м3 или 522.056,80 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10в, стр.50)

Од табеларниот преглед за нарушувања од непознат сторител може да се види дека во 2025 година поднесени се вкупно 18 кривични пријави, а прекршочни нема. Исто така откриени се нарушувања од непознат сторител при што е одземена дрвна маса од вкупно 951,48м3. Проценката на бесправно посечената дрвна маса изнесува 16.657,43м3 или 21.353.806,34 ден. вредност според комерцијален ценовник. (Табела 10г, стр.51)

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл. Весник на РСМ бр.12/19), Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о.- Скопје носи План за спречување на корупција, каде главна задача е навременото препознавање на ризиците од корупција и предлагање на соодветни мерки за отстранување на ризиците. Планот треба да биде водич за понатамошните активности кои Јавното претпријатие ќе ги презема за борба против корупцијата. Јавното претпријатие како институција која врши работи од јавен интерес има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Притоа јавниот интерес како што е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМакедонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и слободата на пазарот, владеењето на правото и спречување на криминалот и корупцијата".

# 6. Извршени работи за изработка на Посебни планови за стопанисување со шумите во 2025 год.

Секторот за уредување на шуми работи на изготвување на посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвува плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип.

Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање самостојно и целосно изработува Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта. Извршителите вршат припрема во канцеларија за несметано извршување на работите на терен, а потоа преку организирање, координирање и учество во извршувањето на работите на терен со давање на упатсва за работа. По прибирањето на податоците од терен се пристапува кон средување и обработка на прибраните податоци и канцелариска изработка на Посебните планови за стопанисување со шуми. Изготвување на компјутерски карти за потребите на ППСШ, учество во расправи на рецензионата комисија, при што се постапува по договорените забелешки.

Од Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање се изработени следниве Посебни планови за стопанисување со шуми, Посебни ловностопански основи, Програми, Измена и дополнувања на посебните планови за стопанисување за шумите (анекс) и Измена и дополнувања на ловностопанските основи (анекс) во 2025 год.:

***а) Уредување на шумите***

➢ Извршени теренски активности на шумскостопански единици за 2025 год.:

| Теренски активности 2025 год. | | | |
|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Теренски активности |
| 1 | Губенек - Паруца | Берово | завршени |
| 2 | Буковиќ – Бајаз Тепе | Пехчево | завршени |
| 3 | Гола Чука | Битола | завршени |
| 4 | Песјак | Македонски Брод | завршени |
| 5 | Удово - Рудник | Валандово | завршени |
| 6 | Дреново | Кичево | завршени |
| 7 | Тајмишка шума | Кичево | завршени |
| 8 | Вуксан | Куманово | завршени |
| 9 | Костурино | Струмица | завршени |
| 10 | Готен Нивичино | Струмица | завршени |
| 11 | Жеден Орашје | Тетово | завршени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Серта Почивало | Штип | завршени |
| 13 | Карабалија | Гевгелија | завршени |
| 14 | Железнец | Демир Хисар | завршени |

- **Канцелариски активности на шумскостопански единици за 2025 год.**

-Изработени Посебни планови за стопанисување со шумите:

| Ред.бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| *Со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)* | | | |
| *Период 01-06 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Туинска шума | Лопушник | Кичево |
| 2 | Осогово II – Цера Пресека | Осогово | Кочани |
| 3 | Брегалница | Малешево | Берово |
| 4 | Ветрен Сараево | Голак | Делчево |
| 5 | Ставраково | Бигла | Демир Хисар |
| 6 | Еленица | Беласица | Струмица |
| *Период 07-12 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Селечка Планина | Црн Бор | Прилеп |
| 2 | Биса | Бабуна | Велес |
| 3 | Рожден I | Бор | Кавадарци |
| 4 | Градска Шума | Беласица | Струмица |
| 5 | Средна Обозна | Голак | Делчево |
| 6 | Голак Обозна | Плачковица | Виница |
| 7 | Буковиќ Вардина | Лопушник | Кичево |
| 8 | Рбетинска Река | Лопушник | Кичево |
| 9 | Пелистер Курбиново | Преспадрво | Ресен |
| *Се чека Решение* | | | |
| 1 | Маркулија Орел | Лопушник | Кичево |
| 1 | Иланца | Шумарство | Свети Николе |
| 2 | Рожден II | Бор | Кавадарци |
| 3 | Бањиште Косоврасти | Стогово | Дебар |
| *Предадени на рецензија во МЗШВ* | | | |
| *Период 01-06 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Буковиќ Вардина | Лопушник | Кичево |
| 2 | Рбетинска Река | Лопушник | Кичево |
| 3 | Бањиште Косоврасти | Стогово | Дебар |
| 4 | Средна Обозна | Голак | Делчево |
| 5 | Пелистер Курбиново | Преспадрво | Ресен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Рожден I | Бор | Кавадарци |
| 7 | Рожден II | Бор | Кавадарци |
| 8 | Голак Обозна | Плачковица | Виница |
| 9 | Градска Шума | Беласица | Струмица |
| 10 | Селечка Планина | Црн Бор | Прилеп |
| *Период 07-12 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Китка | Карацица | Скопје |
| 2 | Жеден Матка | Карацица | Скопје |
| *Посебни планови во изработка* | | | |
| *Период 01-06 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Биса | Бабуна | Велес |
| 2 | Езеро Младост - Карасլари | Бабуна | Велес |
| 3 | Китка | Карацица | Скопје |
| 4 | Жеден Матка | Карацица | Скопје |
| 5 | Пчиња | Карацица | Скопје |
| 6 | Малешевски Планини – Ратевска Река | Малешево | Берово |
| 7 | Готен | Плачковица | Радовиш |
| 8 | Иланца | Шумарство | Свети Николе |
| 9 | Големо Брдо - Венец | Демир Капија | Демир Капија |
| *Период 07-12 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Пчиња | Карацица | Скопје |
| 2 | Малешевски Планини – Ратевска Река | Малешево | Берово |
| 3 | Готен | Плачковица | Радовиш |
| 4 | Езеро Младост - Карасլари | Бабуна | Велес |
| 5 | Големо Брдо - Венец | Демир Капија | Демир Капија |
| *Изработена Програма со Решение од МЗШВ* | | | |
| 1 | Крива Лакавица | Серта | Штип |

-Изготвени Измени и дополнувања на посебните планови за стопанисување со шумите:

| Ред. бр. | Шумскостопанска единица | Подружница | Град |
|---|---|---|---|
| *Со Решение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)* | | | |
| *Период 01-06 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Буковиќ – Бајаз Тепе | Равна Река | Пехчево |
| 2 | Кадина Река II | Карацица | Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Жеден Матка | Карациица | Скопје |
| 4 | Беласица I | Беласица | Струмица |
| 5 | Беласица II | Беласица | Струмица |
| 6 | Смрдешник | Плачковица | Радовиш |
| 7 | Бирино Селце | Липа | Крушево |
| *Период 07-12 месец 2025 год.* | | | |
| 1 | Губенек - Паруца | Малешево | Берово |
| 2 | Стража - Лакавица | Шар | Гостивар |
| 3 | Модрич Стогово | Стогово | Дебар |
| 4 | Паклиште Киселица | Осогово | Крива Паланка |
| 5 | Стрмол Латово - Коњарник | Сандански | Македонски Брод |
| 6 | Караорман II | Јабланица | Струга |
| 7 | Пелинце Дренак - Пчиња | Куманово | Куманово |
| 8 | Скопска Црна Гора | Карациица | Скопје |

б) ***Уредување на ловишта***

-Во текот на 2025 год. изработени се следниве Посебни ловностопански основи:

| Ред.бр. | Ловностопански основи | Ловиште |
|---|---|---|
| *Рецензирани, предадени во МЗШВ и со Решение од МЗШВ (Период 07-12 месец 2025 год.)* | | |
| **Струмица** | | |
| 1 | Тркања | Ловиште бр.7 |
| 2 | Василево | Ловиште бр.8 |
| 3 | Босилово | Ловиште бр.9 |
| 4 | Ново Село | Ловиште бр.10 |
| **Радовиш** | | |
| 1 | Габревци | Ловиште бр.4 |
| 2 | Ињево | Ловиште бр.5 |
| 3 | Прналија | Ловиште бр.6 |
| 4 | Подареш | Ловиште бр.7 |
| **Делчево** | | |
| 1 | Вратиславци | Ловиште бр.5 |
| 2 | Киселица | Ловиште бр.6 |
| **Берово** | | |
| 1 | Сарајево | Ловиште бр.1 |
| 2 | Ратевска Река | Ловиште бр.2 |
| 3 | Палазлија | Ловиште бр.3 |
| 4 | Мачево | Ловиште бр.5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Чифлик | Ловиште бр.6 |
| *За рецензија (Период 01-06 месец 2025 год.)→ Рецензирани, предадени во МЗШВ и со Решение од МЗШВ (Период 07-12 месец 2025 год.)* | | |
| Крива Паланка | | |
| 1 | Градец | Ловиште бр.6 |
| 2 | Петралица | Ловиште бр.7 |
| 3 | Отошница | Ловиште бр.8 |
| Пробиштип | | |
| 1 | Добрево | Ловиште бр.2 |
| 2 | Дренок | Ловиште бр.3 |
| 3 | Гајранци | Ловиште бр.4 |
| *За рецензија (Период 01-06 месец 2025 год.)→ Рецензирани, предадени во МЗШВ (Период 07-12 месец 2025 год.)* | | |
| Прилеп | | |
| 1 | Мелница | Ловиште бр.5 |
| 2 | Крушевица | Ловиште бр.6 |
| 3 | Вепрчани | Ловиште бр.7 |
| 4 | Дуње | Ловиште бр.8 |
| 5 | Прилепец | Ловиште бр.9 |
| 6 | Подмол | Ловиште бр.10 |
| 7 | Ерековци | Ловиште бр.11 |
| 8 | Тополчани | Ловиште бр.12 |
| 9 | Галичани | Ловиште бр.13 |
| 10 | Средорек | Ловиште бр.14 |
| 11 | Рилево | Ловиште бр.15 |
| 12 | Долнени | Ловиште бр.16 |
| 13 | Славеј | Ловиште бр.17 |
| 14 | Дабница | Ловиште бр.18 |
| 15 | Тројаци | Ловиште бр.19 |
| Неготино | | |
| 1 | Корешница | Ловиште бр.3 |
| 2 | Бесвица | Ловиште бр.4 |
| Дебар | | |
| 1 | Стогово | Ловиште бр.1 |
| 2 | Дешат | Ловиште бр.2 |
| 3 | Бомово | Ловиште бр.3 |
| 4 | Баништа | Ловиште бр.4 |
| *За рецензија, рецензирани и предадени во МЗШВ (Период 07-12 месец 2025 год.)* | | |
| Кичево | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Букојчани | Ловиште бр.7 |
| 2 | Стрелци | Ловиште бр.8 |
| 3 | Цер | Ловиште бр.9 |
| 4 | Душегубица | Ловиште бр.5 |
| Кратово | | |
| 1 | Рудари | Ловиште бр.2 |
| 2 | Куклица | Ловиште бр.3 |
| 3 | Живалево | Ловиште бр.4 |
| Свети Николе | | |
| 1 | Сопот | Ловиште бр.2 |
| 2 | Орел | Ловиште бр.3 |
| 3 | Мечкуевци | Ловиште бр.4 |
| 4 | Ерцелија | Ловиште бр.5 |
| Битола | | |
| 1 | Ивени | Ловиште бр.6 |
| 2 | Врањевци | Ловиште бр.9 |
| Демир Хисар | | |
| 1 | Лесково | Ловиште бр.2 |
| 2 | Журче | Ловиште бр.3 |
| 3 | Прибилци | Ловиште бр.4 |
| Охрид | | |
| 1 | Косел | Ловиште бр.5 |
| Ресен | | |
| 1 | Царев двор | Ловиште бр.6 |
| Струга | | |
| 1 | Дрслајца | Ловиште бр.5 |
| Гевгелија | | |
| 1 | Црничани | Ловиште бр.4 |
| Крушево | | |
| 1 | Алданци | Ловиште бр.3 |
| ***За рецензија*** *(Период 01-06 месец 2025 год.)* | | |
| Тетово | | |
| 1 | Милетино | Ловиште бр.6 |
| 2 | Жеровјане | Ловиште бр.7 |
| 3 | Групчин | Ловиште бр.8 |
| 4 | Требош | Ловиште бр.9 |
| 5 | Јанчиште | Ловиште бр.10 |
| 6 | Орашје | Ловиште бр.11 |
| 7 | Раотинце | Ловиште бр.12 |

| | | |
|---|---|---|
| **Гостивар** | | |
| 1 | Врапчиште | Ловиште бр.5 |
| **Македонски Брод** | | |
| 1 | Вир | Ловиште бр.8 |
| 2 | Рамне | Ловиште бр.9 |
| ***Рецензирани и предадени во МЗШВ*** *(Период 07-12 месец 2025 год.)* | | |
| **Велес** | | |
| 1 | Отовица | Ловиште бр.6 |
| 2 | Караслари | Ловиште бр.7 |
| 3 | Ногаевци | Ловиште бр.8 |
| 4 | Клепа | Ловиште бр.9 |
| 5 | Грнчиште | Ловиште бр.10 |
| 6 | Крнино | Ловиште бр.11 |
| 7 | Мартолци | Ловиште бр.12 |
| 8 | Бистрица | Ловиште бр.13 |
| Охрид | 2.330.797 | 3,33 | 13.343.809 | 19,04 | 806.974 | 1,15 | 8.478.924 | 12,10 | 34.940.232 | 49,86 | 10.179.848 | 14,53 | 70.080.584 |
| Струга | 586.109 | 1,44 | 2.407.103 | 5,92 | 2.516.755 | 6,19 | 1.769.069 | 4,35 | 27.874.016 | 68,56 | 5.506.214 | 13,54 | 40.659.266 |
| Дебар | 1.218.470 | 4,74 | 3.439.699 | 13,37 | 459.084 | 1,78 | 2.037.802 | 7,92 | 13.579.055 | 52,80 | 4.985.084 | 19,38 | 25.719.195 |
| Кичево | 2.402.055 | 2,82 | 11.900.062 | 13,95 | 1.371.660 | 1,61 | 6.151.467 | 7,21 | 50.706.668 | 59,46 | 12.742.727 | 14,94 | 85.274.639 |
| Мак. Брод | 2.199.842 | 3,85 | 12.018.999 | 21,04 | 2.380.806 | 4,17 | 4.477.970 | 7,84 | 25.443.852 | 44,54 | 10.607.413 | 18,57 | 57.128.882 |
| Гостивар | 1.633.407 | 4,47 | 4.692.858 | 12,84 | 1.582.500 | 4,33 | 2.409.939 | 6,60 | 20.578.757 | 56,32 | 5.641.829 | 15,44 | 36.539.290 |
| Тетово | 1.367.561 | 5,71 | 443.656 | 1,85 | 620.569 | 2,59 | 446.655 | 1,86 | 18.693.095 | 78,05 | 2.378.282 | 9,93 | 23.949.818 |
| Скопје | 4.404.165 | 9,08 | 887.776 | 1,83 | 1.794.595 | 3,70 | 4.474.134 | 9,22 | 28.748.262 | 59,25 | 8.215.209 | 16,93 | 48.524.141 |
| Куманово | 1.708.484 | 4,13 | 3.017.663 | 7,30 | 3.348.223 | 8,10 | 1.399.921 | 3,39 | 23.594.052 | 57,10 | 8.254.565 | 19,98 | 41.322.908 |
| Делчево | 1.322.519 | 3,92 | 3.290.909 | 9,75 | 788.522 | 2,34 | 2.004.206 | 5,94 | 20.377.354 | 60,37 | 5.972.965 | 17,69 | 33.756.475 |
| **В к у п н о:** | **67.509.240** | **4,69** | **214.091.308** | **14,89** | **45.318.227** | **3,15** | **138.430.266** | **9,63** | **743.295.598** | **51,69** | **229.412.938** | **15,95** | **1.438.057.575** |

## 4.4. Споредбени податоци за некои видови расходи - 2025/2024 год.

Табела 34

| Подружница | Матер., енергија и резервни делови | | | Услуги за сеча, дотур и превоз | | | Амортизација | | | Проста и проширена репродукција | | | Бруто плати | | | Останати трошоци | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2025 | Инд | 2024 | 2025 | Инде | 2024 | 2025 | Инд | 2024 | 2025 | Инд | 2024 | 2025 | Инд | 2024 | 2025 | Инде |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 | 5 | 6 | 7=6:5 | 8 | 9 | 10=9: | 11 | 12 | 13=1 | 14 | 15 | 16=1 | 17 | 18 | 19=18 |
| Берово | 1.813.327 | 3.039.336 | 1,68 | 4.788.128 | 9.478.922 | 1,98 | 1.346.419 | 2.103.212 | 1,56 | 5.748.583 | 7.946.773 | 1,38 | 37.151.846 | 34.513.644 | 0,93 | 15.272.113 | 11.026.330 | 0,72 |
| Пехчево | 1.261.947 | 1.550.196 | 1,23 | 1.142.811 | 2.630.536 | 2,30 | 1.312.663 | 1.332.583 | 1,02 | 10.011.324 | 8.469.798 | 0,85 | 15.639.671 | 15.660.843 | 1,00 | 8.161.526 | 6.002.814 | 0,74 |
| К. Паланка | 1.618.444 | 1.921.811 | 1,19 | 6.089.190 | 922.323 | 0,15 | 1.550.946 | 1.502.307 | 0,97 | 5.157.534 | 2.976.956 | 0,58 | 24.659.136 | 26.278.054 | 1,07 | 7.915.076 | 6.593.736 | 0,83 |
| Кратово | 274.681 | 828.330 | 3,02 | 1.356.791 | 855.645 | 0,63 | 1.846.605 | 1.847.100 | 0,00 | 293.385 | 561.880 | 1,92 | 12.231.307 | 8.958.999 | 0,73 | 3.502.780 | 2.564.141 | 0,73 |
| Кочани | 2.133.515 | 1.552.180 | 0,73 | 7.767.970 | 7.918.847 | 1,02 | 1.615.082 | 1.552.113 | 0,96 | 3.554.360 | 4.203.712 | 1,18 | 26.493.653 | 25.595.464 | 0,97 | 8.628.572 | 6.882.101 | 0,80 |
| Штип | 1.179.152 | 1.234.561 | 1,05 | 940.800 | 924.434 | 0,98 | 148.633 | 349.147 | 2,35 | 858.590 | 903.003 | 1,05 | 13.508.567 | 13.765.723 | 1,02 | 2.197.686 | 2.366.164 | 1,08 |
| Радовиш | 2.411.648 | 2.274.740 | 0,94 | 9.017.547 | 9.904.225 | 1,10 | 498.497 | 499.677 | 1,00 | 6.128.338 | 5.771.549 | 0,94 | 25.787.777 | 24.225.265 | 0,94 | 8.733.149 | 8.541.338 | 0,98 |
| Виница | 1.077.927 | 1.570.968 | 1,46 | 4.603.742 | 7.198.995 | 1,56 | 1.003.851 | 967.936 | 0,96 | 3.882.346 | 3.882.969 | 1,00 | 22.599.945 | 21.080.793 | 0,93 | 7.083.975 | 4.736.374 | 0,67 |
| Струмица | 2.195.531 | 3.745.134 | 1,71 | 8.301.292 | 9.069.831 | 1,09 | 2.139.065 | 2.153.916 | 1,01 | 5.717.695 | 4.455.161 | 0,78 | 33.748.071 | 31.995.446 | 0,95 | 9.346.295 | 9.843.704 | 1,05 |
| Валандово | 1.417.951 | 1.679.084 | 1,18 | 1.116.516 | 4.705.928 | 4,21 | 987.281 | 990.383 | 1,00 | 1.366.352 | 2.199.108 | 1,61 | 12.757.293 | 9.995.195 | 0,78 | 2.366.590 | 3.902.286 | 1,65 |
| Гевгелија | 4.470.723 | 7.697.777 | 1,72 | 17.925.453 | 20.075.447 | 1,12 | 2.051.061 | 2.124.424 | 1,04 | 9.055.081 | 10.000.072 | 1,10 | 34.554.915 | 34.345.033 | 0,99 | 12.138.210 | 13.002.092 | 1,07 |
| Д. Капија | 691.846 | 1.135.464 | 1,64 | 2.345.110 | 4.976.887 | 2,12 | 13.252 | 9.557 | 0,72 | 14.536.326 | 2.786.724 | 0,19 | 11.680.259 | 10.762.766 | 0,92 | 4.443.035 | 5.517.596 | 1,24 |
| Кавадарци | 5.304.810 | 6.429.797 | 1,21 | 16.180.390 | 26.867.323 | 1,66 | 4.624.769 | 4.534.350 | 0,98 | 9.621.778 | 17.137.995 | 1,78 | 55.576.883 | 53.188.799 | 0,96 | 17.016.944 | 18.089.467 | 1,06 |
| Прилеп | 1.337.425 | 2.056.602 | 1,54 | 5.394.653 | 4.071.483 | 0,75 | 1.290.032 | 1.212.765 | 0,94 | 3.586.842 | 4.151.719 | 1,16 | 25.395.163 | 26.209.330 | 1,03 | 8.750.455 | 7.191.082 | 0,82 |
| Велес | 1.332.316 | 1.474.130 | 1,11 | 694.094 | 3.289.211 | 4,74 | 989.204 | 986.259 | 1,00 | 2.226.804 | 2.688.090 | 1,21 | 30.392.046 | 26.007.956 | 0,86 | 6.851.820 | 7.252.647 | 1,06 |
| Св. Николе | 738.781 | 1.528.824 | 2,07 | 0 | 2.945.103 | 0,00 | 874.728 | 874.728 | 1,00 | 795.803 | 1.958.118 | 2,46 | 10.677.853 | 10.223.325 | 0,96 | 1.947.789 | 2.052.429 | 1,05 |
| Битола | 2.287.340 | 3.081.011 | 1,35 | 7.760.937 | 8.275.379 | 1,07 | 2.940.736 | 2.750.679 | 0,94 | 5.486.020 | 7.092.767 | 1,29 | 31.596.744 | 30.121.064 | 0,95 | 21.014.253 | 13.139.687 | 0,63 |
| Д. Хисар | 2.772.048 | 3.213.232 | 1,16 | 5.558.878 | 20.854.059 | 3,75 | 1.881.943 | 1.860.349 | 0,99 | 4.529.097 | 9.851.636 | 2,18 | 34.642.518 | 28.372.691 | 0,82 | 12.278.683 | 10.697.273 | 0,87 |
| Крушево | 433.786 | 936.643 | 2,16 | 7.107.343 | 7.520.797 | 1,06 | 1.295.973 | 1.300.934 | 1,00 | 3.502.541 | 3.366.443 | 0,96 | 17.661.198 | 18.685.933 | 1,06 | 5.243.638 | 6.081.817 | 1,16 |
| Ресен | 1.087.086 | 1.386.011 | 1,27 | 8.883.398 | 6.163.399 | 0,69 | 697.566 | 696.120 | 1,00 | 4.138.688 | 4.375.704 | 1,06 | 25.780.287 | 28.773.932 | 1,12 | 8.520.892 | 9.445.742 | 1,11 |
| Охрид | 1.763.658 | 2.330.797 | 1,32 | 8.480.718 | 13.343.809 | 1,57 | 806.118 | 806.974 | 1,00 | 5.949.828 | 8.478.924 | 1,43 | 34.956.934 | 34.940.232 | 1,00 | 11.295.643 | 10.179.845 | 0,90 |
| Струга | 412.426 | 586.109 | 1,42 | 2.371.465 | 2.407.103 | 1,02 | 2.518.626 | 2.516.755 | 1,00 | 1.463.307 | 1.769.069 | 1,21 | 29.482.628 | 27.874.016 | 0,95 | 6.591.561 | 5.506.208 | 0,84 |
| Дебар | 1.272.465 | 1.218.470 | 0,96 | 1.434.085 | 3.439.699 | 2,40 | 492.042 | 459.084 | 0,93 | 1.389.573 | 2.037.802 | 1,47 | 14.377.232 | 13.579.055 | 0,94 | 4.217.988 | 4.985.081 | 1,18 |
| Кичево | 1.533.093 | 2.402.055 | 1,57 | 11.159.467 | 11.900.062 | 1,07 | 1.398.387 | 1.371.660 | 0,98 | 7.295.957 | 6.151.467 | 0,84 | 53.755.469 | 50.706.668 | 0,94 | 19.503.797 | 12.742.723 | 0,65 |
| Мак. Брод | 1.322.000 | 2.199.842 | 1,66 | 3.828.339 | 12.018.999 | 3,14 | 2.374.920 | 2.380.806 | 1,00 | 2.334.868 | 4.477.970 | 1,92 | 27.271.107 | 25.443.852 | 0,93 | 9.250.674 | 10.607.419 | 1,15 |
| Гостивар | 1.102.988 | 1.633.407 | 1,48 | 434.009 | 4.692.858 | 10,81 | 1.364.802 | 1.582.500 | 1,16 | 3.686.024 | 2.409.939 | 0,65 | 23.932.826 | 20.578.757 | 0,86 | 7.190.937 | 5.641.832 | 0,78 |
| Тетово | 615.809 | 1.367.561 | 2,22 | 108.464 | 443.656 | 4,09 | 616.034 | 620.569 | 1,01 | 320.862 | 446.655 | 1,39 | 16.635.034 | 18.693.095 | 1,12 | 3.400.980 | 2.378.280 | 0,70 |
| Скопје | 4.312.557 | 4.404.165 | 1,02 | 2.177.146 | 887.776 | 0,41 | 1.615.046 | 1.794.595 | 1,11 | 2.807.314 | 4.474.134 | 1,59 | 27.376.987 | 28.748.262 | 1,05 | 10.437.214 | 8.215.206 | 0,79 |
| Куманово | 1.051.951 | 1.708.484 | 1,62 | 1.128.545 | 3.017.663 | 2,67 | 406.872 | 3.348.223 | 8,23 | 810.863 | 1.399.921 | 1,73 | 23.261.664 | 23.594.052 | 1,01 | 6.548.933 | 8.254.563 | 1,26 |
| Делчево | 1.030.917 | 1.322.519 | 1,28 | 1.332.583 | 3.290.909 | 2,47 | 650.845 | 788.522 | 1,21 | 1.040.149 | 2.004.206 | 1,93 | 20.180.660 | 20.377.354 | 1,01 | 4.920.777 | 5.972.961 | 1,21 |
| Вкупно: | 50.258.148 | 67.509.240 | 1,34 | 149.429.863 | 214.091.308 | 1,43 | 41.352.000 | 45.318.227 | 1,10 | 127.296.234 | 138.430.266 | 1,09 | 773.765.673 | 743.295.598 | 0,96 | 254.771.986 | 229.412.938 | 0,90 |

## 4.5. Споредбен преглед на трошоци на Дирекција по видови 2025/2024 год.

денари | Табела 35

| Р. бр. | ВИД НА ТРОШОЦИ | 2024 | 2025 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 3.640.199 | 1.659.170 | 0,46 |
| 2 | Потрошена енергија- (струја, парно, бензин, нафта, плин, уље, мазиво и др) | 2.211.966 | 1.328.094 | 0,60 |
| 3 | Потрошени резервни делови | 0 | 58.050 | |
| 4 | Трошоци за ПТТ- интернет услуги | 4.640.777 | 6.427.095 | 1,38 |
| 5 | Услуги за одржување и заштита (на возниот парк, хигиена во зграда и возила, услуги за хардвер и софтвер и др.) | 8.851.639 | 3.618.669 | 0,41 |
| 6 | Закупнина на деловен простор | 6.870.648 | 7.464.064 | 1,09 |
| 7 | Комунални услуги | 0 | 0 | 0,00 |
| 8 | Други производни услуги | 89.955 | 0 | 0,00 |
| 9 | Амортизација | 7.245.337 | 7.492.486 | 1,03 |
| 10 | Патни трошоци | 73.434 | 29.809 | 0,41 |
| 11 | Надоместоци на вработени (отпремнина за пензија, јубилејни награди, трошоци за помош на вработени, теренски додаток, одвоен живот и трошоци за подароци на вработени) | 2.913.165 | 2.891.560 | 0,99 |
| 12 | Надомест за Управен и Надзорен одбор | 1.614.894 | 1.485.386 | 0,92 |
| 13 | Реклама, репрезентација, спонзорства и донации | 709.847 | 651.974 | 0,92 |
| 14 | Премии за осигурување | 1.016.637 | 434.867 | 0,43 |
| 15 | **Нематеријални трошоци (а+б)** | 4.116.555 | 3.194.293 | 0,78 |
| а | Банкарски услуги | 2.978.597 | 1.101.923 | 0,37 |
| б | Останати нематеријални трошоци | 1.137.958 | 2.092.370 | 1,84 |
| 16 | Бруто плати на вработени | 47.224.394 | 45.463.396 | 0,96 |
| 17 | Камати | 30.929.200 | 28.055.359 | 0,91 |
| 18 | Други трошоци | 7.389.612 | 9.927.047 | 1,34 |
| | **ВКУПНО:** | **129.538.259** | **120.181.319** | **0,93** |

# Коментар

Вкупните расходи на ниво на ЈП во Годишната сметка за 2025год. изнесуваат 1.438.057.575ден. Вкупните расходи со трошоците на дирекција и без залихи во Годишната сметка изнесуваат 1.448.536.542ден., односно 1.438.057.575ден со влијание на залихите на дрвни сортименти по подружници состојба со 31.12.2025 год. според Пописниот елаборат – Извештај бр.02-138/1 од 27.02.2026 год. за извршен редовен годишен попис на средства и извори на средства, усвоен од страна на Управен одбор со Одлука бр.02-137/7 од 02.03.2026год.

Во рамките на вкупните расходи со трошоците на дирекција кои изнесуваат 1.438.057.575ден. најголемо учество имаат бруто платите со 51,69%, потоа групата на останати расходи кои учествуваат со 15,95% во вкупните расходи, услугите (за сеча, дотур и превоз) со 14,89%, законските обврски (проста и проширена репродукција) со 9,63%, потрошените суровини и материјали, енергија и резервни делови со 4,69% и амортизацијата со 3,15%. (Таб.33, стр.100)

Споредбата со остварените расходи во 2024год., покажува дека вкупните расходи се зголемени за 3%, или во апсолутен износ за 37.274.457ден. (2024год.– 1.400.783.118ден., а во 2025г.–1.438.057.575 ден.)

Во тие рамки, расходите за потрошени материјали, енергија и резервни делови се поголеми за 34%, услугите се зголемени за 43%, амортизацијата е поголема за 10%, законските обврски се поголеми за 9%, додека останатите трошоци се намалени за 10%, а бруто платите се помали за 4%, како резултат на тоа што во Јавното претпријатие повеќе години station наназад се намалува бројот на вработени на неопределено време, најмногу со природен одлив (пензионирање) и по други основи. Со оглед на големиот одлив на вработени од клучни работни позиции кои се носечки на дејноста во Јавното претпријатие се соочуваме со големи проблеми во редовното функционирање и извршување на работите од дејноста и се доведува во прашање сигурноста во давањето на услугите, континуитетот и квалитетот на услугите. Според постоечката квалификациона структура на постојниот број вработени, на ниво на ЈП се констатира дека има реална потреба на кадри од профилите на шумарски инжинери и шумарски техничари, економисти и ракувачи со градежни машини.

Трошоците на Дирекција за 2025 година во износ од 120.181.319 денари во однос на минатогодишните (129.538.259ден.) се намалени за 7% или во апсолутен износ за 9.356.940ден. (Табела 35, стр.102).

## 5. ПОКАЗАТЕЛИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2025 година

### 5.1. Показатели на финансиската стабилност на ЈП

| ПОКАЗАТЕЛИ | ИЗВОР ОД БИЛАНСИТЕ | 2024 - % | 2025 - % | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4:3)X100 |
| **Финансиска стабилност** (Главнина и резерви : вкупно извори на деловни средства) X 100 | (БС.АОП. 065) : (БС.АОП. 065+082+085+095+109)x100 | 97,53 | 97,46 | **99,93** |
| **Степен на самофинансирање** (Главнина и резерви + долгорочни резерви + добивка) : (нетековни средства + залиха) x100 | (БС.АОП.065+082+077) : (БС.АОП.001+037) x 100 | 98,83 | 98,76 | **99,93** |
| **Степен на кредитна способност** (Главнина и резерви + долгорочни резерви + долгорочни и краткорочни обврси ) : нетековни средства x 100 | (БС.АОП.065+082+095) : БС.АОП.001 x 100 | 100,68 | 100,73 | **100,05** |
| **Степен на задолженост** (Вкупно долгорочни и краткорочни обврски : главнина и резерви) x 100 | (БС.АОП. 085+095) : БС.АОП. 065 x 100 | 1,99 | 2,08 | **104,40** |

Елементите во горната табела преку кои се искажува финансиската стабилност на ЈП, покажуваат незначително намалување на финансиската стабилност и степенот на самофинансирање. Претпријатието својата дејност ја извршува во најголем дел од сопствени извори на средства. Сепак, треба да се истакне дека оваа година се забележува зголемување на степенот на задолженост, пред се поради зголемување на долгорочните обврски за тековната година.

### 5.2. Показатели за ликвидноста на ЈП

| ПОКАЗАТЕЛИ | ИЗВОР ОД БИЛАНСИТЕ | 2024 - % | 2025 - % | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4:3)X100 |
| **Моментална ликвидност** (Парични средства + хартии од вредност : долгорочни и краткорочни обврски) * 100 | (БС.АОП. 059) : (БС.АОП. 085+095) X 100 | 8,76 | 6,67 | **76,20** |
| **Тековна ликвидност** (Тековни средства - залиха : долгорочни и краткорочни обврски) * 100 | (БС.АОП. 036-037) : (БС.АОП. 085+095) X 100 | 35,22 | 33,64 | **95,52** |
| **Општа ликвидност** (Тековни средства : долгорочни и краткорочни обврски) * 100 | (БС.АОП. 036) : (БС.АОП. 085+095) X 100 | 43,71 | 43,10 | **98,59** |
| **Учество на краткорочните побарувања во вкупните тековни средства** | (БС.АОП. 045) : (БС:АОП. 036) x 100 | 60,49 | 62,56 | **103,42** |

Моментална ликвидност: Во однос на ликвидноста, претпријатието бележи намалување на моменталната ликвидност, пред се поради значителното намалување на паричните средства во однос на минатата година.
Тековната ликвидност е намалена во споредба со минатата година.
Општата ликвидност е исто така намалена во однос на минатата година..
Учеството на краткорочните побарувања во вкупните тековни средства се зголемени во споредба со минатата година.

### 5.3. Показатели за економичноста на ЈП

| ПОКАЗАТЕЛИ | ИЗВОР ОД БИЛАНСИТЕ | 2024 - % | 2025 - % | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4:3)X100 |
| **Однос на вкупните приходи спрема вкупните расходи** | (БУ.АОП. 202+203+223) : (БУ.АОП.204 - 205+208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222+234) X 100 | 95,98 | 100,79 | **105,01** |
| **Однос на добивката спрема вкупните приходи** | (БУ.АОП. 246) : (БУ.АОП. 202+203+223) x 100 | 0,00 | 0,82 | **#DIV/0!** |

Овие показатели покажуваат зголемување на економичноста во работењето, што се гледа од зголемувањето на степенот на покриеност на вкупните расходи со вкупните приходи од 95,98 % во 2024 година, на 100,79 % , во 2025 година, како резултат на тоа што оваа година претпријатието оствари Добивка од работењето во износ од 10.639.746 денари.

### 5.4. Показатели за степенот на наплата

**Показател : Однос на вкупните приливи спрема вкупните приходи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2024 год. | 1.388.182.609 / 1.344.741.030 | x 100 = | 103,23 |
| **2025 год.** | 1.460.847.937 / 1.450.000.573 | x 100 = | 100,75 |
| | | **Индекс 2025/2024 :** | **97,60%** |

**Степенот на наплата во 2025 година во однос на 2024 е намален за 2,4 %.**

### 5.5. Показатели за продуктивноста на ЈП

| ПОКАЗАТЕЛИ | 2024 | 2025 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=(3:2)x100 |
| **Однос на вкупниот приход спрема бројот на вработени - денари** | 847.882 | 1.026.186 | **121,03** |
| **Посечена дрвна маса по вработен - м³** | 203,99 | 251,69 | **123,39** |

Продуктивноста во работењето бележи зголемување кај финансиската продуктивност (**за 21,03%,**), а кај физичката продуктивност има зголемување **за 23,39%**).

### 5.6. Показатели за рентабилноста - деловната успешност на ЈП

***За успешноста (бруто добивка спрема вкупен приход)** $\frac{11.942.998}{1.450.000.573}$ **x 100 = 0,82%**

***За рентабилноста, односно профитабилноста (бруто добивка спрема капитал и резерви)** $\frac{11.942.998}{55.856.783.043}$ **x 100 = 0,02%**

Претпријатието оваа година **покажува рентабилност во работењето**, бидејќи оствари добивка во износ од **11.942.998 денари пред оданочување, односно 10.639.746ден. по оданочување.**

## 2.7. Побарувања и обврски (состојба на 31. 12. 2025 г.)

Табела 27

| ВИДОВИ ПОБАРУВАЊА | Состојба на 31.12.2025 г. |
|---|---|
| 1. П О Б А Р У В А Њ А | |
| 1.1. Тековни побарувања (1.1.1.+1.1.2.+1.1.3.+1.1.4.) | 102.039.848 |
| **1.1.1. Правни лица** | **72.146.388** |
| **1.1.2. Синдикати** | **1.383.720** |
| **1.1.3. Физички лица (а+б+в+г)** | **12.551.585** |
| а) Граѓани | 8.099.169 |
| б) Пензионери | 230.693 |
| в) Социјални групи | 0 |
| г) Вработени | 4.221.723 |
| 1.1.4. За пресметана камата | 6.517 |
| 1.2. Утужени, сомнителни и спорни | 15.958.155 |
| 1.3. Побарувања за отпис | 1.301.125 |
| 2. О Б В Р С К И (2.1+2.2) | 175.941.542 |
| 2.1. Правни лица | 175.941.542 |
| * Обврски за сеча, дотур и превоз | 91.849.255 |
| * Компензации | |
| * Д и р е к ц и ј а | 66.921.325 |
| * Други обврски | 17.170.962 |
| 2.2. Физички лица | |
| 3. Обврски за примени аванси | 53.784.505 |
| *** Правни лица** | **41.860.638** |
| *** Синдикати** | **1.279.086** |
| *** Физички лица (а+б+в+г)** | **10.644.781** |
| а) Граѓани | 10.461.718 |
| б) Пензионери | |
| в) Социјални групи | |
| г) Вработени | 183.063 |
| 4. Обврски за примени депозити, кауции и гаранции | 15.764.944 |
| 5. Обврска за ДДВ за 2025год.*/ | 31.407.455 |
| 6. Обврска за ДДВ од поранешни години | 74.419.216 |
| 7. Обврски за плати | 65014847 |
| 8. Краткорочни обврски и заеми | 60.763.887 |
| 9. Долгорочни обврски врз основа на кредити во земјата | 138.465.600 |

Извор на податоци: Одделение за сметководство



## IV.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈП ВО 2025 год.



## Извештај за други активности во работењето на ЈП во 2025 година

Во поглед на превземените мерки и активности во тековното работење во извештајниот период, Директорот на Јавното претпријатие заедно со Управниот одбор, за остварувањето на поставените плански задачи во што поголем обем, како и нормално тековно функционирање во сите сегменти од работењето, има превземено и ќе продолжи со повеќе мерки и активности, за зголемување на економичноста и продуктивноста на претпријатието.

ЈП„Национални шуми"- п.о.—Скопје е претпријатие што се финансира од сопствени средства и работи во услови на зголемување на цените на енергенсите кои се потребни за производство на дрвна маса од чија продажба се обезбедуваат финансиски средства за редовно работење, како и средствата за инвестициони вложувања. Имено огревното дрво како енергенс не е субвенциониран од страна на државата, поради што производството на истото во услови кога се зголемени цените на сите чинители на овој производствен процес го зголемува трошокот на Јавното претпријатие.

Шумарството претставува интегрален дел од националната економија. Основна задача на претпријатието е да ги задоволи општествените потреби со производи од шумарството и останати услуги и производи кои тесно се поврзани со шумите.

ЈП„Национални шуми"п.о.-Скопје во деловната 2025 година ги превземаше, а ќе продолжи со следните мерки и активности заради подобрување на севкупното работење на претпријатието:

- Зголемување на производството на вкупна дрвна маса согласно предвидувањата во Посебните планови за стопанисување со шумите преку обезбедување на непречен развој на планираното годишно производство согласно Програмата за работа на ЈП„Национални шуми"п.о.-Скопје за 2026 година со Финансиски план за 2026 година, разгледана како материјал за информирање на сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на РСМакедонија, одржана на 10 февруари 2026 година;
- Основна интенција во остварувањето на планираното производство треба да биде зголемување на обемот и квалитетот на производството, со истовремено намалување на трошоците на работењето, особено имајќи предвид дека претпријатието има сезонски карактер на работа и својата дејност ја извршува со самофинансирање. Ангажирање на обучена работна сила во делот на производството на шумски сортименти, заради рационално користење на шумите и изработка на квалитетни производи со највисока пазарна цена;

- За зголемување на предвидената динамика во фазите сеча, дотур и превоз, влијание имаат и други причини од објективен карактер, како што се: недоволната отвореност на шумите, како и оддалеченоста на шумските комплекси, лошата патна инфраструктура која овозможува пристап претежно во летните месеци и во зависност од временските услови има прекин во работата. Со оглед на тоа што ЈП„Национални шуми" располага со стара и дотраена механизација, чија просечна старост е над 20 години, многу јасна е потребата од набавка на нова механизација за подобрување на квалитетот на производството;
- Согласно Годишната Инвестициона програма за 2025 год., како и согласно мерката 122 во висина од 100% износ од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2025 год., во фаза на реализација се набавки врз основа на поднесено Барање наш арх.бр.02-446/1 од 06.08.2025год. и арх.бр.14-10371/1 од 06.08.2025год. од МЗШВ, склучен е Договор за инвестициони вложувања за набавка на механизација и опрема во шумарството и заштита од природни непогоди со наш арх.бр.03-14/234 08.08.2025год. и арх.бр.14-10371/2 од 08.08.2025 год. од МЗШВ:

  - По спроведена отворена постапка за предмет на договор за јавна набавка на стоки: Дизел компресори за потребите при изградба на патишта, склучен е договор за јавна набавка со бр. 03-14/321 од 14.11.2025 год., за набавка на 3 (три) дизел компресори за потребите при изградба на патишта;
  - Дотурот на шумски сортименти во шумарската практика е еден од најважните фази во процесот на користењето на шумите. Заради сигурно и квалитетно извршување на поставените плански задачи и рационално искористување на човечките ресурси со кои располага претпријатието, односно по спроведена отворена постапка за предмет на договор за јавна набавка на стоки: Возила за дотур со витло (трактори), склучен е договор за јавна набавка со бр. 03-14/330 од 05.12.2025 год., за набавка на 3 (три) трактори со витло, кои ќе служат за привлекување и дотур на дрвна маса до привремено стовариште.;

- Подобрувањето на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна и долготрајна обврска на ЈП„Национални шуми" и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. Согледувајќи го фактот дека застарените и дотраени градежни машини-булдожери и недоволниот број на истите претставува огромен проблем за рентабилно работење и извршување на производниот план, во последните неколку години ЈП„Национални шуми" отпочна со обнова и набавка на 15 нови градежни машини при што дојде до намалување на трошоците, а со самото тоа и

намалување на цената на чинење по единица км. Од тие причини трендот за набавка на градежни машини се планира да продолжи и во 2026 год. со набавка на 3 нови градежни машини, како и 4 комбинирани градежни машини со кои би се обновиле постојните ресурси согласно спецификација преку Годишната Инвестициона програма на претпријатието, под точка 11 разгледана на сто и педесеттата (тематска) седница на Владата на РСМакедонија одржана на 10 февруари 2026 година и усвоена со Одлука за давање согласност на Годишната Инвестициона програма за 2026 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми"п.о.-Скопје, Сл.весник бр.29 од 12 февруари 2026 година. Отварањето, реконструкцијата, како и прочистувањето на патната мрежа ќе се извршува во поголем дел со сопствена механизација;

- Во новите сопственички и пазарни услови во самото шумарство, а се со цел да се создадат современи услови на стопанисување со шумите, како и состојбата во шумарството, пред стручниот кадар на ЈП„Национални шуми" се поставува потребата на современ начин да го реши транспортот на шумски сортименти од шума до краен купувач. Заради тоа во текот на 2019-2022 год. согласно Годишните Инвестициони програми усвоени со Одлуки донесени од Владата на Република Северна Македонија, извршена е набавка на современи транспортни средства специјализирани за транспорт на шумски сортименти: товарни возила—камиони, набавени се теренски возила-џипови, како и специјални теренски возила со вградени пумпи кои служат за контрола на теренот, превоз на вработените до местото на извршување на своите задачи и специјална опрема за гаснење шумски пожари-пумпи. ЈП„Национални шуми„ во 2026 година согласно Годишната Инвестициона програма планира да продолжи со набавка на специјална опрема за гаснење шумски пожари-пумпи, како и специјални теренски возила за гаснење на пожари со погон (4x4). Инвестиционите вложувања во делот на набавката на теренски возила со погон на сите оски (4*4) за потребите на подружниците, кои се преку финансиски лизинг за период од пет (5) години, почнувајќи од 2023 година во вкупен износ од 37.132.793,65 денари. Согласно вредноста на договорот за набавка на теренски возила со Бр.03-14/333 од 16.11.2023год., една месечна рата изнесува 602.085,59 денари со ддв, односно за деловната 2026 година ќе изнесува Вкупно: 7.225.030,63 ден. Во текот на 2026 година за непречено функционирање и за потребите на подружниците и претпријатието во целост, се планира набавка на нови 20 теренски возила со погон на сите оски (4x4) во износ од 35.300.000ден. Овие теренски возила се од големо значење за заштитата на шумите од пожари, бидејќи покрај превезување на работници, товарниот простор се користи за сместување на пумпи, алатки за

гаснење на пожари и друга опрема, како и обврската согласно Закон за заштита и спасување, Закон за пожарникарство, Закон за шумите, Правилникот за посебните мерки за заштита на шумите од пожари и согласно Годишните оперативни планови кои ги изработуваат подружниците, при настанување на шумски пожар, Јавното претпријатие има обврска да даде прв одговор со гасначи и средства за гаснење;

- Во делот на расадничарското производство во текот на 2026 година се планираат набавки на трактори со приклучна механизација, систем за наводнување и прихранување, тримери, дупчалки за садници, грбни прскалки, мотокултиватори со приклучна механизација, пумпи за наводнување, систем за полнење на контејнери и ртилка за семе, како би можел самиот процес на производство и нега на садниците да се одвива непречено;
- За извршување на тековните работни операции, како што се: сеча на дрвни сортименти, правење на заштитни пресеки во делот на заштитата од шумски пожари, се планира набавка на 35 моторни пили за потребите на подружниците;
- Со набавка на нови основни средства ќе се овозможи квалитетно и навремено извршување на планираните задачи, заштеда на финансиски средства, односно поголема профитабилност на претпријатието;
- Поголемо ангажирање на инжинерско-техничкиот кадар во следење и организирање на процесот на производство, со што би се намалиле сите тесни грла, како што се:
  - Неквалитетно кроење на шумските сортименти;
  - Воспоставување на шумски ред, со што ќе се олесни дотурот и ќе се направи поефикасен;
  - Усогласување на динамиката помеѓу трите фази на производство;
  - Правилно и рационално користење на техниката која што е во употреба;
  - Зголемување на процентот на учество на поквалитетни класи кај техничкото дрво, со што ќе се зголеми финансискиот ефект од работењето;
- Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку примената на техничките норми во шумарството, како и светските стандарди и искуства;
- Продолжување на процесот на сертификација на шумите во Република Северна Македонија во согласност со барањата на националниот PEFC стандард за одржливо стопанисување со шумите, имајќи ги предвид глобалните заложби за одржлив развој, исполнувањето на милениумските цели, напорите за зачувување на биолошката разновидност, справувањето со климатските промени и барања за одговорно управување со природните ресурси кои се од поширок интерес за општеството, ЈП„Национални шуми“ се стекна со сертификат за одржливо стопанисување со шумите. Согласно

подготвеноста за почитување на барањата на стандардот за одржливо стопанисување со шумите PEFC МК 03:2020 и врз основа на член 27 од Статутот на ЈП„Национални шуми"—Скопје, а во врска со PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Република Северна Македонија PEFC МК 03:2020, донесен е Правилник на ЈП„Национални шуми" за работење во PEFC сертифицирано шумско подрачје. Содржината на овој документ е донесена за да се овозможи подготовка на стручниот и раководен кадар во ЈП„Национални шуми" за сертификација на шумите според барањата на PEFC националниот стандард за одржливо стопанисување со шумите(ОСШ) PEFC МК 03:2020.

Активноста е спроведена со помош и посветеност на стручните лица во 14 подружници на ЈП„Национални шуми", на територијата на 23 Шумско-стопански единици, на вкупна површина од 106.000ха.

Во начинот на организација на работењето, ЈП„Национални шуми"-Скопје, се залага и стои во одбрана на принципите на еднакви можности, спречување на дискриминација и вознемирување на работно место. Имајќи предвид дека работата во шумите е генерално прифатена во општеството како работа која ја извршуваат мажите, широко се поддржува принципот на родова еднаквост секаде каде е тоа можно и каде за тоа има интерес. Во рамките на своите можности, ЈП„Национални шуми" се обврзува да ги поддржи истражувачките активности главно преку собирање на податоци кои се потребни за таа активност, во рамките на расположивост со човечки капацитети. Го поздравуваме овој чекор кој означува почеток на позитивни процеси и повеќе оптимизам за развојот и напредокот на шумарството во РСМакедонија;

- Во 2026 година ЈП„Национални шуми" планира да го зголеми процентот на реализација на годишниот сечив етат, а тоа би значело попрофитабилно работење на претпријатието, имајќи ја притоа секогаш предвид еколошката димензија во вкупното работење на ЈП„Национални шуми".
- За извршувањето на услуги од страна на надворешни извршители ќе се ангажираат фирми кои се обврзани да поседуваат соодветни лиценци за вршење на дејноста (шумско-културни работи за активностите сеча и дотур, превоз и изградба) согласно законот;
- Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста;
- Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството;

- Зголемувањето на дисциплината во работењето преку вршење контроли и ревизии по подружниците со воведување на добра работна дисциплина;
- Продолжување на имплементацијата на електронскиот систем за надзор и контрола на движењето на дрвната маса. Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија. Во 2017 година се отпочна со имплементација на електронскиот систем за следење на дрвна маса (законска обврска) кој треба да ја зголеми контролата врз работењето, да обезбеди навремен пристап до информации и преглед на истите, со што се гарантира постигнување на подобар успех во работењето. Во 2026 година ќе се продолжи со надградба на системот за електронско следење на дрвната маса, согласно Законот за шумите член 69/а. За таа цел во 2025 год. согласно Годишната Инвестициона програма, Јавното претпријатие изврши набавка на Уреди за следење на дрвна маса по склучен договор за јавна набавка бр.03-14/248 од 15.09.2025год.;
- Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија. Во 2026 година се планира набавка на компјутери и компјутерска опрема, печатари и фотокопири, поставување на пасивна мрежна опрема, лиценци за сервери и клиенти, опремување на систем сала, документ менаџмент систем составен од повеќе модули, систем за видео надзор, како и софтверско решение за евиденција на судски предмети;
- Спроведување на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"п.о.-Скоје Бр.02-656/2 од 01.11.2024 год;
- Согласно Одлуката од Управен одбор за утврдување на максималните цени на шумарски услуги во фазите сеча на дрвни сортименти, дотур на дрвни сортименти, сеча со дотур на дрвни сортименти во ЈП„Национални шуми" п.о – Скопје бр.02-656/3 од 01.11.2024 година, како и Одлука за утврдување на максимални цени на услуги во фазите: превоз на дрвни сортименти по вид на пат и изминат км, утовар и растовар на дрвни сортименти бр.02-656/4 од 01.11.2024 година, кои стапија во сила со денот на донесувањето, а се применуваат од денот на отпочнување на примена на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" п.о–Скопје бр.02-656/2 од 01.11.2024 година. Цените на горе наведените услуги се зголемија по фази на услуги, а тоа истовремено ги зголемува трошоците за надворешни услуги за изработка на производи;
- Спроведување на Одлуката за утврдување на цени во ЈП„Национални шуми" п.о.-Скопје за ознака во шумите во приватна сопственост и ознака на ретки

видови на дрвја, на поединечни или група на шумски дрвја на површини надвор од шума во приватна сопственост бр.02-656/6 од 01.11.2024 год.;

- Спроведување на Ценовникот за цени на чинење за извршени шумскоодгледни работи по Проста репродукција на 1ха бр. 02-656/7 од 01.11.2024 год.;
- Спроведување на Ценовникот за утврдување на цените на извршените работи по хектар за Проширена репродукција на шумите бр.02-73/4 од 29.01.2025 год.;
- Спроведување на Ценовникот за цена на чинење на семенски материјал бр.02-462/4 од 06.08.2024 год.;
- Спроведување на Ценовникот на цена на чинење на посадочен материјал (за една садница) екстерни цени за надворешни субјекти бр.02-462/5 од 06.08.2024 год.;
- Спроведување на Ценовникот за цена на шумски декоративен саден материјал (за една садница) класично со бусен и контејнер производство бр.02-462/6 од 06.08.2024 год.;
- Спроведување на Ценовникот за утврдување на максимално откупни цени за шишарки и семе од лисјарски и четинарски дрвни видови бр.02-462/7 од 06.08.2024 год.;
- ЈП„Национални шуми“ п.о.-Скопје објави Повик за интерес за склучување на Годишни купопродажни договори за дрвните сортименти кои ќе се продаваат согласно Правилникот за продажба на дрвни сортименти бр.02-610/3 од 26.11.2025 год. со:

1. Рамковен договор за деловна соработка со годишни договори;
2. Годишен договор без рамковен договор;
3. Задолжение за продажба на дрвни сортименти (огревно и техничко дрво);
4. Годишни договори за продажба на огревно и техничко дрво со физички лица и правни лица за сопствени потреби.

- ЈП Национални шуми ќе продолжи да превзема активности за заштита на шумите:

  -Согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија, ќе се продолжат проектите во кои е даден приоритет од загрозеност од шумски пожари - Според Стратегијата на ЈП„Национални шуми” за справување и гасење на шумски пожари, донесена поради големиот број шумски пожари кои се појавуваат во текот на годината и големината на опожарената површина, како и безбедноста на вработените лица кои учествуваат во гаснење на истите, неопходна е потребата од професионално обучен кадар за заштита на шумите од пожари. За таа цел, во 2026 година се планира доградба и адаптација на постоечки објект во Берово за формирање регионален центар за гаснење на шумски пожари, како и изградба на тренинг центар за гаснење на шумски пожари во Кавадарци;

-Согласно Стратегијата за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави, со акционен план за реализација на проекти и набавки, за потребите на ЈП„Национални шуми„ во 2026 година согласно Годишната Инвестициона програма се планира набавка на специјални теренски возила за гаснење на пожари со погон на сите оски (4x4) со товарен простор за потребите на подружниците, како и специјална опрема за гаснење на шумски пожари-пумпи. Со инвестирање во теренски возила ќе се овозможи побрза интервенција во случај на шумски пожари како и контрола на теренот;

-Обука за изработка на годишни оперативни планови за заштита на шумите од пожари;

-Спроведување на јавна кампања помеѓу граѓаните за опасноста од шумските пожари во рамки на превентивно делување од областа на заштита на шумите;

-Спроведување на јавна кампања помеѓу граѓаните за спречување на бесправните сечи на територијата на цела држава;

-Спроведување на медиумска кампања за опасноста од шумските пожари како превентивна мерка за заштита од шумски пожари;

-Спроведување на технички мерки - картирање, редукција на горливиот материјал и изградба на противпожарни просеки во вештачки подигнати шумски насади;

- Одредување на рути и контрола на шумочуварска служба.

- Во 2026 година се планира да се изврши реконструкција на објекти кои се во сопственост на ЈП„Национални шуми“ и тоа: шумски куќи за сместување на работници, реконструкција на објекти во расадници, спрат од управна зграда во Сектор-уредување на шуми и ловишта и проектирање, како и реконструкција на некои од управните згради по подружници. Објектите кои ги користат подружниците се градени пред повеќе години, кога истите беа посебни правни субјекти и на некои од нив е потребно да се изврши реконструкција и санација, со што ќе се подобрат условите за работа на вработените.
- Реконструкција на спрат од управната зграда каде се сместени вработените од Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање е неопходно потребна, поради застареност на електричната инсталација во просториите, затоа во 2026 година се планира да се изврши промена на истата. Инсталацијата е стара преку 60 години и истата не е дизајнирана за потребното оптеретување, при што доаѓа до чести испади на електричната мрежа и топење на каблите. Таквата состојба ја доведува целата зграда во опасност од настанување на пожар и губење на целата опрема.
- Поради дотраеност на плетивото и дрвените столбови на оградата во ловиштето Милисин - Гевгелија потребно е да се изврши замена на истата.

- Вршење анализа на работењето на Подружниците на Јавното претпријатие и превземање на соодветни мерки за поуспешно работење;
- Наградување и стимулирање на вработените во Јавното претпријатие кои покажуваат континуирано добри резултати и даваат исклучителен придонес во работењето;
- Во 2026 година ќе продолжи воведувањето и примената на ИТ- стратегија;
- Спроведување на анализа на состојбата во ЈП„Национални шуми“ во насока на: надлежности на Секторите и одделенијата, процеси кои се реализираат, процедури за работа, правилници, извештаи од ревизии и сл;
- Зголемување на финансовата дисциплина, согласно законските прописи и актите на ЈП„Национални шуми“;
- Доследно спроведување на законската регулатива во сите области на работењето на Јавното претпријатие;
- Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми", п.о.- Скопје подготви и до Владата на РСМ достави Информација за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, заклучно со 09м.2025 година. Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 137та седница на Владата на РСМ одржана на 16 декември 2025год. Бр.50-10028/9 од 17.12.2025година, точка 41, Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со шумските пожари на територијата на Република Северна Македонија, заклучно со 09м.2025 година и ја усвои со следниот заклучок:
    1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да обезбеди и префрли средства на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.—Скопје за покривање на направените трошоци за превентивни, подготвителни мерки и трошоци за дитектна суспресија на пожарите во период 2024-2025госина, во висина од 95.700.000,00денари, кои ќе се трошат согласно член 60 од законот за шуми.

  Средствата во износ од 95.700.000,00денари беа префрлени на посебната наменска сметка на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.—Скопје, во Халк банка.

- Согласно заклучокот од Влада на РСМакедонија бр.50-6004/8 од 15.10.2025год. со кој се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.—Скопје, да подготви акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки, како и препораките содржани во Конечниот извештај за извршена

ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. — Скопје, број.01 2024 09 01 од страна на Државниот завод за ревизија под бр.17-554/9 од 17.06.2025 година, а со цел за надминување на утврдените состојби констатирани во Конечниот извештај од ДЗР и преземање на мерки и активности во функција на подобрување на состојбите, ЈП„Национални шуми“ п.о.—Скопје до Владата на РСМ достави Информација со барање и акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.—Скопје. Согласно Извадокот од Нацрт-записникот од 152та седница на Владата на РСМ, одржана на 24 февруари 2026 година, Владата ја разгледа Информацијата со барање и Акциски план со дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.— Скопје, со дополнувања и прилози и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерство за финансии):

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми„Национални шуми“п.о.-Скопје да направи конфирмација (во која ќе се констатира дека нема буџетски побарувања)
2. Се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о.-Скопје, врз база на добиените документи, да изврши сметководствено регулирање на обврските и побарувањата;

- Зголемување на соработката со државните институции, Јавното претпријатие е во постојана соработка со Секторот за шумарство, со Шумската полиција и со Државниот инспекторат за шумарство и ловство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ, а со заедничка цел за унапредување на шумарството во Република Северна Македонија.